СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 декември 2002 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Томиќ и Каролина Ристова ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Земени се 85 картички а според евиденцијата во салата се присутни само 52 пратеника.

Молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците во салата).

Во салата се присутни 69 пртеници.

Според тоа констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски; претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 4-тата и 6-тата седница на Собранието Ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема)

Со оглед на тоа дека никој нема забелешки констатирам дека записниците од 4-тата и 6-тата седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Ве известувам дека Вјекослав Ангеловски, поднесе оставка на функцијата секретар на Државната изборна комисија.

Согласно чле 111 од Деловникот на Собранието секој носител на јавна функција што го избира или именува Собранието на Република Македонија може да ја образложи оставката во траење од 15 минути.

Секретарот на Државната изборна комисија Вјекослав Ангеловски, ме извести дека нема усно да ја образложи поднесената оставка.

Врз основа на тоа констатирам дека на господинот Вјекослав Ангеловски му престанува функцијата секретар на Државната изборна комисија.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за основање на Центр за образование на кадри за областа на безбедноста, со Предлог на закон Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овој закон да се донесе во скртени рокови.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се работи само за продолжување на рокот за студенти до 30 септември за да можат конечно да се завршат образовните потреби на луѓето. Тоа не е некоја сложена операција, меѓутоа нужно е тоа да се направи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, од кои за 60, воздржани 2 и против 2.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за ратификација за измени на Протоколот Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон, Собранието да го разгледа по скратени рокови на оваа седница.

Предлогот на законот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од донесување на законот во скртени рокови.

ЏЕЛАДИН ШАТКУ:

Почитуван претседателе, почиувани пратеници,

Потребата од изменување на Законот по основ на ратификација на Протоколот Б со Република Бугарија произлегува едноставно од потребата за усогласување на одредбите на овој билатерален договор за слободна трговија со формулацијата на Европската Унија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, од кои за гласале 63, воздржано 2 и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за државни службеници.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Има збор господинот Петар Гошев, заменик на претседателот на Владата.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Во Законот за државни службеници има одредби за изменување на еден процес таканаречен декомпресија, корекции на плати внатре во рамките на државните службеници. Таа обврска констатиравме дека чини многу пари, навистина многу пари чини и бидејќи констатиравме дека има големи дефицити во Буџетот за 2002 година, што се обидовме да ги решиме преку ребаланс, но понатаму констатиравме дека тие дефицити не се конечни, секојдневно откриваме други обврски и бидејќи од 1.01.2003 година укинуваме некои даноци и се намалуваат приходите на Буџетот, а се работи за големи средства, на пример прстанувањето на важењето на Законот, данокот на финансиски трансакции кој што обезбедуваше досега најмалку 6 милијарди и 500 илјади, а ќе го укинеме, ќе ги растовариме особено фирмирте од тој данок, па констиравме дека за оваа работа во 2003 година нема доволно пари.

Плус тоа констатиравме дека треба да се подготви и комплетен закон за државните службеници и затоа молиме да го одложиме извршувањето на тој член од законот за уште една година бидејќи фискалните импликации почнуваат од први натаму. Затоа замоливме, бидејќи се работи само за една одредба, еден член да го направиме тоа денезска пред завршувањето на годината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 65 за, воздржано 1 и против 1.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на Владата.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Предлогот на овој закон Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба од донесување на Законот по итна постапка.

Има збор господинот Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Неопходноста од барањето итно да се измени Законот за служба во Аемијата на Република Македонија произлегува од тоа што примената на овој закон во овој момент не е возможна, бидејќи според одредбите на законот - остварувањето на право на плата на воените лица и станбеното обезбедување  на професионалните војници и воените старешини не може д се реализира од 1 јануари, затоа што имаме времено финансирање. Затоа бараме до 1 март да биде одложена примената на овие членови од Законот за служба во Армијата на Република Македонија  кои регулираат остварувањето на правото на плати и обезбедувањето на станбен простор за професионалните војници и воени старешини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници од кои за 64, воздржано 2 и против  3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот  за донесување по итна постапка на измените на овој закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе законот за дополнување на Законот за сметководство, за буџетите и буџетските корисници.

Предлогот на Законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од итно донесување на овој закон.

Има збор господинот Петар Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници уредено е водење на сметководството, на деловните книги и сметководствените документи, обработка на податоци, признавање на приходи и расходи, проценување на билансни позиции, ревалоризација во врска со средства за вршење на основна дејност претежно кој што се обезбедуваат од буџетите. Меѓутоа, за остварување на сите одредби од овој закон недостасуваат определени податоци за да може да се изведе сето тоа. На пример консолидирање на евиденција на имотот движен и недвижен имот потребно е за да може да се применуваат вакви одредби. За жал ова сеуште го немаме и констатираме дека особено кај недвижниот имот немаме консолидирана евиденција. Консолидирана евиденција на вкупните обврски и побарувања. Исто така, нема, а можете да видите дека се обидуваме во овој период да најдеме решение за тие прашања. Консолидирана евиденција е потребна на акции. Според тоа постои вакум на податоци кои што се неопходни да бидат применети некои одредби од Законот за сметководство. Тој очигледно не може да се следи, а ако не се стори е прекршок и додека не ги средиме овие прашања неможеме да применуваме вакви одредби од Законот за сметководство.

Затоа молиме тие одредби што се наведени во Предлогот на законот да се одложи нивната примена, а не целиот закон, за да можеме да ги средиме претходните прашања. Тоа е причината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Гошев.

Предлогот на Владата го ставам на гласање.

Гласале 68 пратеници, од кои 65 за, воздржано 2 и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија; Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија; Предлог на одлука за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија; Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија; Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на Наградата “Гоце Делчев”; Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно културни средби “Десет дена Крушевска Република”;

Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствна организација Клинички центар Скопје; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствна организација” Медицински центар-Велес” Велес; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена оганизација “Завод за здравствена заштита Тетово”; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Болница за душевни болести” Демир Хисар; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом “Неготино” - Неготино; Предлог на одлука за избор на членои на Управниот одбор на Јавната здравсртвена организација Аптека “9 Ноември” Велес; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Здравствен дом” Виница; Предлог на одлука за избор на членои на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “Медицински центар” Куманово; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена органиузација Медициски центар Дебар; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола; Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом “Нада Михајлова” Пробиштип; Предлог на одлука за избор на членови на Јзвната здравствна организација Медицински центар “Борка Талески” Прилеп; Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членви и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлог на одлука за именување на републички советник на Собранието на Република Македонија.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата ќе ја образложи основната и неодложна потреба предлозите на сите овие одлуки да бидат разгледани на оваа седница, а потоа Собранието ќе одлучува за внесување во предлогот на дневниот ред за секој предлог на одлука одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за избори и именувања да земе збор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Бидејќи тоа се вкупно 20 точки, образложениeто е исто, она што произлегува од задачите и должностите на Комисијата за избори и именувања.

На седницата од 20.12.2002 година, Комисијата за избори и именувања утврди Предлог одлуки за избор, односно именување на членои на управни одбори и совети,

носители на функции кои согласно одделни закони се од надлежност на Собранието. Причините се следните:

Прво, да се овозможи остварување на законските надлежности на органите на управување во овие јавни претпријатија и организации.

Потоа на извесен број на членови на управни одбори поради неспоивост на функција, на кои би требало да им престане мандатот, затоа што ако не им престане мандатот се доведува во прашање легитимноста на одлучувњето, а на голем број членови на управни одбори на медицински центри мандатот им истекол и од нив добивме барање да се извцрши избор на нови членови.

Затоа според член 66 од Деловникот предлагаме овие точки да се прифатат како дел од дневниот ред на денешната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување, избор и именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За Предлогот гласале 69 пратеници, лротив не гласал никој а од гласањето се воздржале 4 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатије Македонска радио телевизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, од кои за гласале 61 пратеник, воздржано 2, и против не гласал никој.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Гласале 69 пратеници, за 68, воздржан 1 и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пртеници, 68 за, 2 воздржани и никој против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев" да бидр разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 64 за, 4 воздржани и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно-културните средби "10 дена Крушевска Република" да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласањел.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за 65, воздржани 4 и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар-Скопје да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 66 за, 2 воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација"Медицински центар Велес" - Велес да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 64 за, воздржани 3 и 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбро на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Тетово да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 67 за, тројца воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести - Демир Хисар да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за 67, двајца воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино"-Неготино да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 64 за, тројца воздржани, никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "9 Ноемвреи"-Велес, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 64 за, тројца воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Здравствен дом-Виница"-Виница, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за 64, воздржани тројца, против еден.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински ценар Куманово" - Куманово да биде разгледан на оваа сесница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, за 67, воздржани тројца и 9 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "Медицински центар Дебар" - Дебар да биде разгледан на оваа седница го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 70 пратеници, 66 за, двајца воздржани и двајца против.

Констатирам дека предлогот на комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисиата, Предлогот на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за 66, тројца воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом “Нада Михајлова” - Пробиштип, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 64 за, воздржани тројца и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата , Предлогот на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар “Борка Талески” - Прилеп, да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 65 за, тројца воздржани и еден против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за 61, воздржани тројца и никој не гласал против.

Констатирам дека Предлогот на одлуката е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлука за именување републички советник на Собранието на Република Македонија да биде разгледан на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 68 за, еден воздржан и никој не гласал против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници;

2. Предлог на закон за измена на Законот  за Служба во Армијата на Република Македонија;
3. Предлог на закон за дополнување на Законот за сметководство, за буџетите и буџетските корисници;
4. Предлог за донесување на закон за измена на Законот за основање на Центар за образование на кадрите од областа на безбедноста, со Предлог на закон;
5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ “Козјак” со Кинеската банка и фирмата ХАИНАН СИТ ЕНТЕРПРАЈТС КОРПОРЕЈШН, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за измена на Законот за акцизите, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за измена и дополнување на Законот за вторското право и сродните права , со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска и екононмска соработка муѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламската Република Иран, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за фито санитарна соработка, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за измена и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка на полето на здравството и медицината, меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка на полето на здравствена заштита на животните и карантин, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за меѓународен патен превоз, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина, за превоз на стока и патници во меѓѕнародниот патен сообраќај, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на измени на Протоколот Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за културно наследство;
19. Предлог на просторен план на регионот на заштитните зони на изворот Рашче;
20. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Тетово;
21. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани;
22. Предлог за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија;
23. Предлог за именување директор и заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници;
24. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
25. Предлог на одлука за огласување на избор на судија на Основниот суд во Радовиш;
26. Предлог на одлука за разрешување, избор и именување на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија;
27. Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Одборот за конрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие МРТ;
28. Предлог на одлука за разрешување и именување на заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие МРТ;
29. Предлог на одлука за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија;
30. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”;
31. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Советот на научно-културните средби “10 дена Крушевска Република;
32. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје;

33. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес;
34. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Тетово;
35. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести Демир Хисар;
36. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Неготино;
37. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Аптека "9 Ноември" - Велес;
38. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница;
39. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Куманово;
40. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар;
41. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола;
42. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Нада Михајлова" - Пробиштип;
43. Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талески" - Прилеп;
44. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
45. Предлог на одлука за именување на републички советник на Собранието на Република Македонија.

Дали некој од пратениците има предлог за изменување на предложениот дневен ред.

Имас збор пратеникот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата.

Има еден месец како се случува еден чуден феномен околу труењето на албанските ученици од средните училишта во Куманово. Постои голема загриженост кај родителите и сите оние кои од блиску се интересираат за овој чуден феномен. Мене ми е јасно дека на фрагментарен начин беа заинтересирани и имаат преземено одредени мерки, Министерството за образование, за здравство и за внатрешни работи, меѓутоа имајќи го предвид фактот дека овој феномен продолжува и со оглед на фактот што е многу чувствително и болно прашање, би побарал, како пратеник од таа област да се даде информација од страна на Владата, односно Владата да разговара за тоа прашање и потоа да го информира Собранието за сите мерки кои се преземени и за сите оценки поврзани со ова прашање, затоа што, за жал, понекогаш се случува, од страна на некои медиуми и од страна на некои неодговорни луѓе оваа појава да ја наречат, понекогаш, симулација, понекогаш ја ставаат во наводници или пак пред тоа ќе го употребат зборот наводно. Ве молам колеги пратеници да ме поддржите во овој мој напор и Владата да подготви една информација бидејќи тоа е многу итно прашање и треба да се преземаат мерки, и ве молам да биде како последно прашање од дневниот ред на оваа седница, а доколку нема таква можност, тогаш за следната седница да се подготви една таква информација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Халили, ако барате збор за дневниот ред, прво да завршиме со предлогот, после ќе ви дадам збор.

Господине Рамадани, согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, пратеник може и по свикувањето на седница, како и на самата седница, што го користите како можност до утврдувањето на дневен ред, да предложат на дневен ред да се внесе определено прашање во случај на итност или на итна и неодложна потреба. Тоа го задоволува вашето барање.

Согласно со овој член, предлагачот е должрен да поднесе материјал во писмена форма. Со оглед дека немате писмен материјал поднесено на дневен ред, јас предлогот не можам да го ставам на гласање. Тоа е членот 66 од Деловникот.

Господинот Илијаз Халими бара збор.

ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:

Господине претседател, почитувани колеги,

Немам некое барање за дополнување или измена на дневниот ред. Би саскал само да поставам едно прашање во врска со почитувањето на Деловникот на Парламентот а се однесува на членот 37 од Правилникот за работа на Собранието. Таму се предвидува

да се одржувааtјпосебни седници на парламентот и тоа секој последен четврток од месецот на кој пратениците ќе имаат право на пратенички прашања.

Со оглед на тоа дека веќе три месеци изминаа и не се одржуваат такви состаноци, такви парламентарни сесии, на кои би можеле да поставуваме некои прашања, многу прашања, меѓу кои и прашањето како што го постави г-динот Рамадани, би побарал објаснување зошто не се почитува членот 37 од Правилникот за работа на Парламентот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Халими, знам за деловничката одредба. Се консултирав со премиерот на Владата по нивниот избор. Тие се сепак 53-54 денови во овој момент избрани, го посочив и истиот член на кој вие упатувате на премиерот на Владата и деловничката одредба. На мој ризик, а уважувајќи го неговото барање, направивме договор таа Деловничка одредба да по;чеме да ја применуваме од последниот четврток во јануари, со оглед дека министрите на 50 дена по преземањето на функцијата министер во Владата сеуште ценевме дека не се доволно подготвени да можат да дадат одговори на сите поставени прашања и дека се потребни не 100, меѓутоа во секој слу;ај повеќе од 50-тина денови.

Јас го прифатив тој аргумент со оглед дека упатува на многу усни одговори за проблеми во кој што министрите сеуште не се навлезени, со оглед дека се наоѓаат во првите 100 денови од својата функција, да почнеме со примена од последниот четврток во јануари, таа одредба да почне да се применува целосно и директно. Знам дека тоа согланcо со Делвоникот може да се толкува и веќе во првиот месец од изборот на Владата, меѓутоа, ценев дека нема да можат да бидат во ситуација да одговараат, затоа што, условно да кажам не ги осознале сите состојби за кои се тие надлежни.

Ќе ве молам и вас, и сите останати пратеници да уважиме дека Владата се наоѓа на почетокот, денеска е сеуште 50 и некој ден од нејзиното формирање и веќе по 30 дена таа одредба ќе ја применуваме.

Господин Халими има збор.

ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:

Според Правилникот на Собранието во членот 37 не се предвидува дека треба да поминат 60 денови откако пратениците ќе ја преземат функцијата, значи не постои дека треба 60 дена за пратениците да можат да поставуваат прашања. Значи, има празнина во самиот Деловникот за работа на Парламентот. Значи, треба да се интервенира да се предвиди и тоа, да се предвиди дека треба да поминат 60 дена откако министрите ќе се постават на функција, ќе ги преземат функциите да можат да се одржуваат сесии на

парламентот како би можеле пратениците да поставуваат прашања. Затоа што со овој Деловник не може да се оправда неодржувањето на таквите седници.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Јас реков дека тој ризик го земам на себе да не закажувам седница, меѓутоа во секој случај, само една таква седница не е закажана досега. Не се работи за поголем број на седници, како што вие говорите. Владата е избрана на 1 ноември. Единствен одложен датум досега е последнот четврток во ноември. Сега,. Вториот е за два дена.

Доколку вие инсистирате, јас можам и да закажам седница, доколку Собранието реши така, за задутре, за пратенички прашања и тоа ќе биде согласно Деловникот. Меѓутоа, не се пропуштени повеќе од една седница.

Дали некој друг бара збор, по предложениот дневен ред (никој не бара).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 71 пратеник,  воздржано 2 против 1 пратеник.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Минуваме на точката еден Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон, со оглед дека се работи за итна процедура.

Молам, кој бара зобр? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 68, воздржано 3 а против никој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници.

Минуваме на нточката 2 - Предлог на закон за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Предлогот на закон ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 66, воздржано 1 никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот, за изменување на Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Минуваме на точката 3. - Предлог на закон за дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Предлогот на закон Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 66, воздржано 2, против не гласал никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување  на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.  Минуваме на точката 4. - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара ѕбор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за основање на центар за образование на кадри за областа на безбедноста.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 за, воздржано 2, никој не гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, 65 за, воздржан 1,  против 1.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница а се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по Текстот по Предлогот на закон.

Молам, кој бара ѕбор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам Предлогот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 64 за, воздржани 2, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот основање на Центар за образование на кадри за областа на безбедноста.

Минуваме на точката 5. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на РМ, по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ “Козјак” со Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпрајс корп, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претресј по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господинот Илиевски Владо бара збор.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, колеги пратеници,

Јас би сакал да ја истакнам важноста на донесување на овој Предлог-закон од енергетски аспект.

Прво, би истакнал дека енергетската состојба во државата е доста неповолна. Инсталилраната моќност не успева или едвај успева да ги задоволи потребите, а тоа е со максимални залагања на вработените во ЕСМ, кои ремонтите во производните капацитети ги планираат во лентиот период, максимално се штеди хидрото за зимскиот период, како и максимална спремност на ТЕЦ-овите со обезбедување поголема залиха на гориво во зимскиот период, што во овој момент и тоа го немаме. Според планираната ставка на развој до 2015 година, за кога е планирано да се искористат јагленовите резерви и во двата комбинати РЕК “Осломеј” и РЕК “Битола”, се планира зголемување на потрошувачката за повеќе од 20%, што само за споредба, потрошувачката е зголемена во однос на минатата година, за околу 10-12%.

Од сето ова многу повеќе од оправдано е довршувањето на изградбата на ХЕЦ “Козјак”. Знаете дека во нашата земја подолговреме не се гради еден ваков објект, што е од голема важност од повеќе аспекти. Итноста да биде уште поголема е тоа што според првичниот договор и проект од 1994 година, Проектот требаше да биде завршен до 2000 година. Меѓутоа, од објективни причини проектот не се реализира. Поради што сега,

објектот, во ваква состојба трпи повеќе птети отколку кога би се презеле сите неопходни мерки, како би се ставил во функција овој проект. Тоа значи дека треба да се набави хидро-механичката опрема, што треба да се монтира во тунелот, како и да се создадат услови што побрзо да се почне со полнење на акумулацијата, а, за тоа време да се монтира и целокупната преостаната опрема во машинскаста зграда што е во фаза на изработка.

Да се изгради една ваква постројка и тоа хидро, со годишно производство од околу 150 милиони КЊЧ има голема важност за решавање на и онака тешката енергетска состојба, како и важност за заштита на град Скопје од поплаив, обезбедување вода за пиење, технолошка вода, како и вода за наводнување. Важноста е уште поголема што работите во целина се завршени. некаде 80% и ние не би требале да дозволиме на овој , да речам веќе изграден објект, да го пролонгираме рокот на неговото завршување до недоглед.

Затоа, од сите овие причини, јас, како пратеник ќе гласам за овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Илиевски.

Збор побара г-ѓата Ивановска Лилјана.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата на РМ,

Долги години проектот “Брана ХЕ - Козјак”, ја окупира македонската јавност. Најнапред сакам да истакнам дека, доколку сакаме да градиме држава што почитува претходно склучени договори и обврски и последици од евентуални раскинувања на тие договори, мораме со целосна одговорност како пратеници да ги разгледаме сите аспекти на Проектот. Накратко ќе ги кажам моите сознанија за Проектот.

Браната и хидроелектраната “Козјак”, како повеќенаменски објект поставува повеќе ефекти:

- заштита на Скопје и скопската котлилна од поплави,
- обезбедување на вода за пиење,
- обезбедување на вода за наводнување,
- еколошки чисто производство на електрична енергија и
- стопански ефекти.

Предвиденото производство на двата агрегати од по 41 МЊЧ или на годишно ниво производство од околу 400 ГЊЧ. Идејата за овој објект потекнува уште од 1962 година, после поплавите во Скопје. 1970 година е изработена студија за регулација на реката

Вардар. 1989 година е зиработен Главниот проект за реализација на Браната Козјак. 1994 година е донесена одлуката за изградба на браната Козјак од сопствени средства на ЕСМ. Заради недефинирана финансиска конструкција на Проектот, 1998 година се склучува Договорот за заем со Кинеска банка Хаинан и испорака на монтажа на опремата.

Во изведбата на градежните работи учествуваат "Маврово", "Бетон", "Гранит", "Пелагонија" и до денес се изведени 80% од предвидените работи. Според увидот од Делегацијата на ЕСМ производителот на опремата во Кина "Астом", 80% од опремата е произведена и дел монтирана. Техничкиот прием на опремата со надворешни консултанти на ЕСМ. Со потпишување на гаранциите за плаќање на градежните работи, треба да се повлечат 9 милиони долари од Кинеската банка за исплата на градежните фирми.

Инвестиционата вредност на Проектот изнесува 172 милиони долари, од кои 82 кинеската страна и 89 милиони сопствено учество на ЕСМ и 639 илјади долари "Водовод" - Скопје. Од тоа, досега се реализирани 131 милион долари или 77% од вкупната инвестиција. Во 1999 година, Проектот е забавен и речиси блокиран од повеќе причини:

- необезбедени финансии,
- доцнење на изведбата на градежните работи,
- технички недоразбирања,
- напуштање на кинеските работници на Македонија во 2001 година заради воените дејствија и како пресуден фактор
- финансиските блокади и прекинот на билатералните односи на Македонија и Кина, заради признавањето на Тајван.

За деблокирање на односите вложен е дополнителен долготраен дипломатски напор,. После долгите преговори во 2002 година е потпишан Протоколот и во ноември Анекс договорот со Кинеска банка С.И.Т. за деблокирање на Проектот.

Кои се ефектите доколку Договорот бил раскинат?

Мора да се вратат повлечените средства во износ од 56 милиони долари веднаш, кои "Електростопанство на Македонија" ги нема обезбедено, непревидени трошоци од евентуална меѓународна арбитража, барање на нови извори за финансирање со поповолни услови, што е доста неизвесно со оглед на опремата која е вградена речиси 80%, произведена и дел вградена. Ефектите од потпишувањето се: веднаш продолжување на активностите околу продолжување на проектот "Козјак", зголемување

на грејс-периодот од 4,5 на 7,5 години и капитализирање на каматата во основен долг, се олеснуваат финансиските околности на Електростопанство.

Останува прашањето дали “Електростопанство на Македонија” има доволна кадровска и финансиска кондиција да го заврши објектот, за да почне од него да остварува профит и редовно да го сервисира кредитот кон Кинеската страна, без да ја доведе државата во ситуација, како гарант на кредитот, заради евентуално несервисирање на долгот, Владата да зафаќа од Буџетот, а со то аи од парите на граѓаните.

Бидејки оваа Влада се определи за одржлив економски раст и спроведување на реформите, со што очекуваме да се остварат поповолни услови за стопанисување на субјектите во државата, а со тоа и редовна наплата на обврските спрема државата и спрема “Електростопанство на Македонија”. спешноста на овој проект е важен и од политички аспект за подобрувањето на билатералните односи меѓу Кина и Република Македонија, особено заради позициите на Кина во Обединетите нации и меѓународнит еодноси.

Заради сите наведени аспекти на проектот “Козјак”, го подржувам Предлогот за изменување на Законот за гаранција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И благодарам на госпоѓата Ивановска.

За збор се јави госпоѓата Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Кај мене недвосмислена е потребата да се подржи овој закон, кој што беше поставен пред нас, а поаѓајки од фактот дека беше разгледуван на Комисијата за финансирање и буџет на Собраието на РМ. Меѓутоа, јас би сакала, почитувнаи пратеници, како пратеник во Собранието во Република Македонија, меѓутоа, и како стручњак во областа на геологијата, во овој момент, да искажам и некои мои видувања во поглед на значењето и важноста на овој водостопански објект како за прашањето на водните ресурси на државата, Република Македонија, так аи од аспект на предизвикот кој што пред себе го имаше и го има професијата на која јас и припаѓам, геологијата.

Имајки ги предвид климатските одлики на територијата на Република Македонија, потребите од регулацијата на реката Треска од аспект на заштита и на подрачјето на Скопската котлина од поплави, од елементарни непогоди, се побрзото исцрпување на цврстите енергетски суровини, со што ние како држава се пвоеќе се соочуваме и ќе се

соочуваме во иднина, значи со изнаоѓање на нови извори на електрична енергија што ќе бидат предизвик и на оваа Влада, и објектот “Козјак” како и многу други кои веројатно ќе следат во инвестиционите активности на оваа Влада, како што се објектите на реката Црна, Галиште, Чебрен, како и Хидросистемот “Злетовица” кој за  Источниот регион ќе претставува посебен предизвик, стануваат императив во времето во кое живееме и на времето кое допрва доаѓа пред нас.

Почитувани пратеници, водните ресурси на секоја држава, па и на нашата, се национален интерес, односно претставуваат поширока граѓанска потреба во поглед на обезбедувањето на солидни услови на човеково живеење, како што се потребите во земјоделството, потребите во индустријата, потребите во урбаното планирање на просторот, потребите од елиминирање на ризикот врз животната средина, како и потребите од локалната промена во еко системот, а во крајна линија и климатските промени кои можат како такви да не очекуваат, а на кои треба навистина да обрнеме по сериозно внимание во иднина.

Во тој контекст сватен објектот “Козјак” претставув апотреба од првостепено значење, неговото завршување би требало да претставува императив на оваа Влада, земјаки предвид дека 80% од градежните активности и останатите работи веќе како такви се завршени.

Од аспект на геолошки предизвик, овој објект е можност да се искажат нашите достигнувања при градбата на вакви хидротехнички објекти во средини кои геолошки гледано се доста проблематични. Од тој аспект, поголемото вклучување на геологиата, областа на која и јас и припаѓам како професија, во сите нејзини димензии во многу придонесува вака тешките хидротехнички објекти да ја добијат својата функција за она за кое што се и наменети.

Почитувани пратеници, мене како експерт од ова област ми претставува посебна чест што можам да констатирам дека во овој објект геологијата го покажа и го докажа своето високо реноме, во рамките на комплементарните професии кои земаат учество во реализацијата на овој вака витален објект и релативно сложен хидротехнички и геотехнички објект. Ние како струка и понатаму овие активности Ќе ги подржуваме и определбата на Владата да се градат поголем број вакви илипак слични објекти, со кои во секој случај ќе се подобрува билансот на водните резерви на Македонија и ќе се решаваат проблемите на животната средина, во секој случај ќе се обезбедув аи одредена количина електрична енергија.

Затоа, јас како пратеник ќе го подржам донесувањето на овој закон за измена на гаранциите, како и, претпоставувам, останатите пратеници на Собранието кои ја сваќаат неопходноста од донесување на овој закон, кој што пред нас е поставен со оваа точка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Телат Џафери.

ТЕЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседател и пратеници, на седницата на Комисијата за финансирање и буџет, иако се согласивме околу потребата од донесување на оваа измена на Законот, побаравме објаснвуање од претставници на Владата за финансиските, економските и политичките последици, за фактот за ликвидирање на “Интерпреис” и за нова спогодба со новата коорпорација “Чајна Вотер Корпореишн”.

Претставникот на Владата рече дека ќе даде дополнителен одговор на поставеното прашање, но факт е дека до денес одговор на ова поставено прашање не добивме и не ни се овозможува да знаеме која е штетата за Македонската влада или за Република Македонија на финансиски план, како последица од задоцнување со изведувањето на работите на Хидроелектраната “Козјак”, а со Протоколот за измени ние преземаме одговорност да ја гарантираме капитализираната камата за периодот со кој задоцнуваме, значи перидот во кој што требаше да бидат завршени тие работи, во рок од две години. Мислам дека беше оправдан ваквиот одговор од Владата, да им се даде на пратениците во Собранието и тие на јасен начин да се запознаат со последиците од оваа зделка. Бездруго, ние треба д апреземеме одговорност да гарантираме за капиталот вов рска со ова.

Остануваме на тоа што го побаравме на седницата, да го имаме овој одговор кој што го побаравме од претставниците на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави госпоѓата Цветле Јанеска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Почитуван претседател, почитувани претставници на Владата, почитувнаи колеги пратеници,

Како пратеник по прв пат во Собранието, да кажам дека за овој проект донесена е Одлука на Собранието во 1994 година. Сакам да дадам свое видување за Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорот За заем по Проектот ХЕК “Козјак” и веднаш да го

искажам своето длабоко уверување дека, подржувајки го овој Предлог, ги подржуваме решенијата кои се само за добробит на нашата енергетика и нашата држава.

Со донесувањето на овој закон што се предлага по скратена постапка се овозможува продолжување на реализацијата на ХЕЦ "Козјак", се отстрануваат објективните пречки за нејзината изградба, која директно е условена од донесувањето на овој закон.

Исто така, сакам да потенцирам една точна констатација и една неминовна вистина дека од пуштањето во погон на третиот блок на РЕК "Битола", а тоа беше во далечната 1983 година, во нашиот електроенергетски систем не е пуштена ниту една нова термо или хидроцентрала. Ваквиот застој во изградбата на новите производни електроенергетски објекти сега и во блиска иднина има и ќе има многу негативни реперкусии. Досега, во овој временски период од осамостојувањето на Република Македонија како самостојна и суверена држава, може да се рече дека постојните производни капацитети на некој начин и одговараат и ги задоволуваат потребите од електрична енергија. Ова може слободно да се припише на фактот што заради стагнирање и неработење на индустриските капацитети и севкупната транзиција. Меѓутоа, отсега натаму треба ваквата индифиренстнсот да не се толерира и да се посвети на динамиката на електроенергетскиот развој и под итно треба да се донесе стратегијата на Македонија за развој на енергетиката, а во тој контекст и за електроенергетската стратегија.

Поаѓајки од максимата дека електричната енергија е крвоток на современото живеење, трендот на постојан пораст на потрошувачката на електрична енергија веќе е апсолвиран и заради очекуванит епроектирани активности во стопанството ќе треба, во тие рамки и евидентираното зголемување на потрошувачката од 3 до 4% годишно ќе треба да се прединвестира неминовно во брза и ефикасна градба на електроенергетски објекти. Секој енергетски ресор бара заокружување. Затоа, давам голема важност и печат на изградбата на објектите од интерконективното поврзување со соседните електроенергетски системи.

И на крај да заклучам, инвестиционите циклуси во област ана енергетиката секогаш претставувале еден голем предизвик за пошироката заедница, па и за државата воопшто. Респектирајки го фактот дека територијата на Република Македонија е сиромашна со енергетски ресурси како што се јаглен, нафта и гас, затоа, радува фактот што проектот ХЕЦ "Козјак", и покрај задоцнувањето од планираната динамика од веќе познати и други политички настани со Тајван, сепак, радува фактот што ќе продолжи со динамиката на изградба на овој објект. Посебен приоритет на изградбата на овој објект е

тоа што истиот има повеќе значења, со тоа што со неговата изградба ќе се оствари големо производство на електрична енергија од околу 150 милиони киловат часови и многу други стопански и еколошки ефекти. Истиот објект е и дел од хидросистемите на Скопското поле и Вардарска долина. Да заклучам, заради ова кусо образложение, јас ќе го подржам овој Предлог на закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И благодарам на госпоѓа Јанеска.

За збор се јави г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани министри, претставници на Владата, колеги,

Хидроенергетскиот комплекс “Козјак' претставува стратегиски објект, кој денес кога Република Макеоднија поради разни причини е принудена да увезува електрична енергија е од особено значење за Република Македонија и навистина заслужува посебен третман како точка на дневен ред на овој почитуван кворум.

Би сакал да потенцирам дека вакви стратегиски објекти се реализираат во реалтивно голем временски дијафазон и од особена важност за нивното успешно завршување е нивното квалитетно и реално планирање, за да со вложените финансиски средства ги оствариме очекуваните резултати.

Кога зборувам за успешна реализација, мислам на градењето на објектот во рокот што е предвиден, односно планиран со дефиниран квалитет и зацртан со комплетна техничка документација и со однапред утврдени и обезбедени финансиски средства. Не може за успешно реализиран објект да се смета објект кој што е реализиран со енормно зголемување на финансиските средства, но исто така со енормно плоронгирање на планиранито рок, бидејки во денешни услови на развој на техниката, во буквална смисла со доволно финансиски средства може да се реализира скоро секаков вид на објект и во секакви услови.

Планирањето на реализацијата на стратегиски објекти е процес во кој се дефинираат стратегиските постулати, кои се однесуваат на интегралноста на севкупните процеси од комплексната изградба на објектот. Уште пред да почне самата градба на објектите, треба да се решат стратегиските прашања и не би требало да се дозволи ваквиот вид прашања да се решаваат во некој временски теснец.

Потребата од донесувањето на промените на законот за гаранција на Република Македонија по Договорот за заемите по Проектот “Козјак” со Кинеската банка и фирмата “Хаинан” С.И.Т Ентерпраис Корп сепак е повеќе од очигледна. Поволноста на финансиските услови под кои е одобрен кредитот е доста дискутабилна, но прашање е

дали имаме друг избор за што побрзо завршување на “Козјак” и како што е кажано во Предлогот за донесување по итна постапка на овој закон, начин на кој ќе се спречи настанување на штетни последици во смисла на објективната неможност да се продолжи со реализацијата на овој круцијален објект.

Во информацијата за изградбата на хидроенергетскиот комплекс е наведено дека изградбата започнала на 31 јули 1994 година, но не е наведено дека било планирано “Козјак” да се реализира со 104,4 милиони долари за 5 години. На почетокот на 1998 година, а по барање на тогашната парламентарна комисија за градежништво и урбанизам се согледани и анализирани состојбите со реализацијата на “Козјак” и евидентирани се извесни финансиски отстапувања. Пролонгиран е рокот и по повеќе од 3 години сеуште е некомплетна техничката документација. Врз основа на овие сознанија, донесени се заклучоци за превземање на одредени мерки за поквалитетно управување со изградбата. Планирана е динамиакта на реализацијата на работите неопходни за довршување на целиот комплекс, дефиниран е нов рок, односно објектот да биде реаизиран до крајот на 2000 година, односно објектот да почне со производство на почетокот на 2001 година. Потребните финансиски средства енормно се зголемија во однос на претходно планираните. Имено, од 104,4 милиони долари на 137 милиони долари. Во мај 1999 година извршен е неформален пресек на тогашната состојба со реализација на објектот, со цел да се согледа остварувањето на планираната динамика преку дефиниран степен на готовност за сите објекти, всушност за целиот комплекс. За резултатите, мораме д абидеме искрени, биле далеку под планираните, односно повторно е евидентирано парцијално заостанување на одредени активности од одделни објекти и севкупно заостанување на прогресот на целиот комплекс. Резултатите од тој пресек се презентирани пред тогашниот менаџмент на “Електростопанство на Македонија”, на менаџментот на ХЕЦ “Козјак”. Да напоменам, во тој момент немаше ниту криза, ниту некои други неповолни околности, кои би се ефектуирале врз реализацијата на овој објект.

Она што е наинтересно и најсимптоматично е одговорот на прашањето, кое нормално треба да се постави: Што е преземено за да се надомести евидентираното пролонгирање и барем да се минимизираат реперкусиите. За жал, одговорот е: ништо.

Мониторингот и контролата на реализацијата на објектот, после овој вид на согледување на прогресот, е целосно напуштена, односно нема никаков мониторинг и контрола кој би се базирал на веќе извршените планирања и на динамиката. Остануваат само  типичните извештаи од типот-вградено е толку материјал и т.н. Никаква споредба со она што го реков, односно со планираната динамика.

Новата процена на потребните фиансиски средства изнесува 150 милиони долари, за да во 2000 година, по направена уште една проценка на потребните финансиски средства, се стигнало до 171 милион долари.

Тука сакам да потенцирам еден дел од Извештајот за изградбата на комплексот каде се вели дека по барање на Владата извршена е контрола на изградбата на објектот со која не биле констатирани, внимавајте, не биле констатирани недостатоци во водењето на објектот и кон крајот на 2000-та година.

Владата ја усвоила таа информација без забелешки и по само некој месец се менува директорот на ХЕЦ "Козјак". Но, знаејќи како работеше претходната Влада ова не може да не изненади.

Во јануари 2001 година се врши ново репланирање на активностите за завршување на ХЕЦ "Козјак" каде рокот по завршувањето на комплексот е декември 2002 година. Сега сме декември 2002 година. И ова како и претходното планирање остана само на хартија. Повторно нема мониторинг и контрола за следење на зацртаната динамика и одвивање на работите. Се поставува прашањето зошто. Денеска сме крајот на 2002 година, а за завршувањето на ХЕЦ "Козјак" сеуште сме многу далеку.

Да резимирам, од првично планираните 104, 4 милиони долари последната процена е 171 милион долари, а планираните 5 години за реализација до сега се 8 години и 4 месеци и сеуште, како што е познато, и да бидеме објективни, крајот не се гледа.

Според извештајот од Парламентарната комисија во 1998 година односно во искажаните дискусии потенцирано е дека една година, внимавајте, задоцнување на реализација на овој објект го чини Електростопанството на Македонија 6 милиони долари. Значи, поради досегашното пролонгирање имаме загуба од над 20 милиони долари само од изгубеното производство плус зголемување на трошоците од 67 милиони долари, а секако на овие суми би требало да се додадат и трошоците од капитализација на каматата кои всушност се споменуваат во образложението за промена на законот и изнесуваат 8 милиони долари, како и други видови на трошоци. Повеќе од јасно дека овие загуби, за жал, ќе се зголемуваат.

Врз основа на ова повеќе од јасно е дека не може да се прифати заклучокот на Владата донесен при крајот на 2000 година со која не биле констатирани недостатоци во водење на изградбата на објектот. Верувам дека за овој објект и за изработка на физибилити студија и врз основа на податоците добиени и презентирани во неа се докажала рентабилноста на овој објект за планираните 104,4 милиони долари, но дали истата рентабилност од сегашните 171 милион долари. Која е максималната сума за која

објектот е рентабилен? Тоа е круцијалното прашање кое почитувани пратеници треба да си го поставиме пред себе.

Ако се тргне од ходограмот на процеси на инвестирање почнувајќи од селекција на идеи пред инвестициони анализи, студии, па се до технички прием на објектот голема улога имаат и договорите помеѓу учесниците во изградбата. Договорите и реализацијата со Хаинан со кои, за жал, не располагаме и не можеме да ги договориме во посебно прашање. Во информацијата која ја добивме се спомнува и ФИДИК, а во истиот е многу јасно дефинирано при тек на работите во зависност од причините на чија штета се раскинува договорот. Зошто тоа до сега не е расчистено? Во новиот договор повторно се споменува ФИДИК, но прашање е дали истиот е склучен потполно во согласност со истиот, бидејќи според оние информации со кои јас располагам иако е предивден рок за реализација на објектот не е наведено што ако тоа не се исполни, а во клаузулата 47.1 од ФИДИК кој го спомнав кој се однесува за надомест на штетите од пролонгирање на рокот децидно стои цитирам “Изведувачот ќе ја исплати сумата предвидена за надомест на штета при пролонгирање на рокот кој е наведен во анексите на договорот”. Тоа го нема.

Ме интересира дали е депонирана т.н. реценсиона сума која изведувачот според ФИДИК е должен да ја депонира кај инвеститорот како гаранција за добро извршена работа. Таа изнесува 5 до 10% од договорената цена. Се поставуваат неколку прашања дали се знае како прво односно дали одговорните за овој проект дефинитивно знаат конечно колку ќе чини овој објект и за уште колку време ќе биде реализиран односно врз основа на што се добиени тие 20 месеци кои ги имаме во Извештајот.

Една гаранција би била ако при планирање се опфатени и сите ресурси, материјали, ризици, обем на работа, квалитет, персонал, а не само временската димензија, но тоа ќе го видиме преку извештаите кои ќе мора да се доставуваат преку матичната комисија за транспорт и врски и екологија.

Второ, како планираат да ја следат понатамошната реализација за да во секој момент имаат комплетно согледување на истата и да даваат реални извештаи до надлежните органи во кои секако ќе биде и парламентарната комисија, матичната, ресорната комисија, да не се доведеме во состојба повторно да слушаме цело време дека се одвива по план, а после 18 месеци да испадне дека не било баш така.

Дали е извршена критичка анализа кои доведоа до енормно зголемување на трошоците и пролонгирање на роковите за градење, за да не се повторат во иднина и да после 2 ,3 или години повторно не дојдеме на иста ваква седница на Парламентот да го констатираме ова што денеска го кажувам.

Се поставува прашањето дали се научило нешто од досегашната реализација на објектот?

Би сакал да напоменам дека во нашата земја пример, ако некој скрши прозорец, уништи некој инвентар по закон ќе одговара за нанесената штета, а при реализација на не само овој стратешки објект, каков што е случајот денеска, туку многу исто така важни објекти во Република Македонија кои се во фаза на реализација или се веќе реализирани за причинетите штети од субјективни причини кои се во огровмни износи нема никаква одговорност.

Намерно малку поопширно, се извинувам ако бев екстензивен, го елаборирав досегашното градење на “Козјак” со цел утре да не добиеме еден вообичаен штур извештај во кој ќе не информираат дека вградиле неколку илјади кубика глина, бетон, или било кој друг материјал и дека е евидентирано извесно задоцнување во однос на планираната динамика.

Сепак радува фактот што во информацијата за изградба на “Козјак” која ни е доставена е даден степен на изграденост на објектот, но познато е овие податоци сами за себе не значат ништо ако нема податоци за она што било планирано да се изведе.

Се надевам дека конечно веројатно после 50 години откако е прв пат применето современото управување со проект односно концепт на проектниот менаџмент ќе почне целосно да се применува и кај нас односно во Република Македонија.

Мислам дека е доволно јасно дека реализацијата на овој објект уште од самиот почеток е доста проблематично поради стихијното водење на градбата, а доказ за ова се и честите промени на директорите на “Козјак”, но за тоа веројатно во друга прилика.

Се разбира, тука не би дискутирал за техничките прашања, тоа ќе го работиме преку Комисијата за транспорт, врски и екологија, сепак се надевам дека преку сегашната наша комисија ќе иницираме тековно следење не само на реализација на овој објект, туку и на сите објекти кои се од стратешко значење за нашата земја или пак се финансираат од Буџетот односно од парите на граѓаните на Република Македонија.

Се разбира треба да се стремиме кон т ранспарентно водење на проектите за идните објекти со целосно вклучување не само на локалното население, туку и на сите заинтересирани со цел да направиме избор на оптимални варијанти.

На крај би заклучил дека и во градителството се потребни длабоки реформи и од аспект на промена односно донесување на нова законска регулатива и од аспект на европски регулативи за современо и ефикасно водење на проектите кои секако ќе бидат

болни и можеме да ги очекуваме дека ќе наидат на отпор кај одредена структура во овој домен.

Сепак, како што кажав на почетокот по ова прашање Република Македонија нема алтернативи и тоа поради следните прижини:

Позната е неопходноста од нови капацитети за производство на електрична енергија.

Понатаму, што поскоро завршување на еден крупен и значаен дел од реализацијата на Хидросистемот Скопско Поле кој ќе даде ефекти, како што кажаа претходно колегите, и врз заштитата на Скопје и Скопската котлина од поплави, обезбедување на вода за пиење, водоснабдување и технолошка вода, производство на електрична енергија и други еколошки, но и стопански ефекти.

Се разбира доколку го прекинеме ќе се јават и негативните финансиски последици од неизгласување на промените на законот.

На крај би напоменал и тоа дека радува што конечно за квалитетот и рокот за изградбата на објектот сега гарантира и Владата на Република Кина.

Пратеничката група на ЛДП се разбира дека ќе го гласа Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми на Проектот, но напоменувам ќе бара перманентна и континуирана контрола преку Парламентот односно преку матичната комисија се со цел навреме да имаме увид ако повторно дојдеме до стопирање на реализацијата на овој мошне, мошне битен објект.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г. Андреј Жерновски.

Министерот за животна средина се има јавено за збор, но не сте предлагач на овој закон.

Господинот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Господине претседателе,

Јас се јавив за збор веднаш по големите пофалби што беа искажани во врска со овој објект, меѓутоа, излегувањето на Жерновски на говорница практижно 90% од мојата дискусија ја одзема.

Меѓутоа, останаа уште 10% за кои сакам јас да кажам. Ова е типиченм пример на катастрофално водење на еден инвестиционен објект. Ова е типичен пример на лошо направени договори со странски добавувачи и инвеститори. Во 1994 година

побарав да ми каже Владата дали за овие издашни инвестиции и кредитирање стои гаранција на Владата на Кина и дали има гаранција на една првокласна кинеска банка која ќе гарантира дека таа опрема и тие работи што треба да се обават и изведат од кинеска страна има гаранција за квалитетно, навремено обавување. Тогаш не бев удостоен со одговор затоа што практично немаше тогаш таква гаранција.

Како резултат на тоа и проблемите што настанаа во овој изминат период последиците се многу големи. Објектот страшно поскапе и тоа поскапување од 70 и повеќе проценти, а можеби и многу повеќе до крајот на изведувањето најголем дел од одговорноста ја носи Електростопанството, а исто така и кинеската страна. Меѓутоа, цехот го плаќа потрошувачот, народот, го плаќа индустријата, го плаќа економијата. Ние барем сега требаше да бидеме удостоени, па да се даде едно широко образложение во врска со овој објект зошто толку долго се гради. Зошто настанаа тие проблеми со кинеската страна. Колку се загубите во однос на пречекорувањето на инвестиционите зафати и дали тие доаѓаат како резултат на неквалитетна техничка документација. Во светот може, кога зборувам за светот зборувам за тој цивилизиран свет една инвестиција да се зголеми за 3 до 4% поради тоа што при претходните истражувања и проектирања се дадени погрешни податоци, па во текот на градбата се појавиле сосема нови моменти и барале документацијата да се доработи или изработи спрема ново настанатите моменти, тогаш доаѓа до поскапување. Но, тоа е во исклучителни случаи. Во конкретниот случај гледам дека ние сме започнале со градба на објект не на база на главни проекти, туку на некои идејни проекти. Ние мораме кога даваме гаранции како држава и Парламент, а ние сме тие кои ја даваме таа гаранција тука во Парламентот да ги знаеме сите тие елементи, да знаеме за колку тој објект ќе поскапи до крајот на градбата, колку се загубите во однос на тоа поскапување, колку тоа изнесува по еден КВТЧ, за колку се зголемува цената по тој КВТЧ и колку се загубите поради тоа што објектот не е ставен во употребна функција и тогаш да можеме меродавно да одлучуваме и со својата совест да гласаме за една нова гаранција што треба да ја даде државата.

Не знам зошто тие податоци и една таква информација не следеше од страна на Електростопанството преку Македонската влада. Зошто Владата допушти да дојде еден ваков предлог врз една таква комплетна информација ние како пратеници да го имаме сето тоа на увид за да можеме совесно да се однесуваме и да можеме да ги штитиме интересите на нашиот електрораст.

Спрема тоа, веројатно и во иднина ќе ни се повторуваат вакви работи, треба да укажеме ние како Собрание дека не сме само гласачка машина и дека не сме принудени поради тоа што мора тој објект да се заврши поради тоа што имаме потреба

од таква енергија, поради тоа што сме доведени во таква ситуација само да одобруваме и гласаме, туку тоа да го правиме на основа на едни расчистени односи со претходно расчистени операции и дејствија кои практично носат одредена одговорност. Одговорноста е и наша не е кривична кога ќе гласаме, но носиме морална и политичка одговорност кога до крај не ги расчистуваме тие појави.

Можеби во една таква нова анализа и ударите и проблемите кои го поскапеа овој објект, па спрема тоа и цената на чинење на еден КВТЧ електрична енергија со некои додатни решенија како што е снабдувањето на пример на Куманово со вода или некои други корисни работи од таа вода донекаде да се ублажат големите загуби, а исто така да се ублажи и покачувањето на цената на електричната енергија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави повторно Соња Липиткова, но грешка е.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклужувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за измена и дополна на Законот за гаранција на Република Македонија по Договорите за заеми по Проектот ХЕЦ “Козјак” со Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп.

(Гласаа вкупно 57 пратеници).

Ги молам службите да утврдат број на присутни во салата.

(Има 57 пратеници).

Ако има пратеници излезено во холот ги молам да влезат за да гласаме.

Ве молам, да го повториме гласањето. Сега има доволен број на пратеници.

Ве молам да гласаме и повторно вклучете го системот.

Гласале 62 пратеници, 60 пратеници гласале за, 2 пратеници биле воздржани, никој не гласал против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 60 пратеници, против не гласал никој, воздржано гласале 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 60 пратеници, во здржани 2, никој не гласаше против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по договорите за заеми по Проектот ХЕЦ "Козјак" со Кинеската банка и фирмата Хаинан С.И.Т. Ентерпраис Корп.

Инаку, би сакал да ве известам дека според евиденцијата на седницата се присутни 102 пратеници, кои се запишале дека се присутни.

Минуваме на точката 6 - ***Предлог за донесување на закон за измена и дополна на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на законот, со Предлог на закон и извештајот на Закоондавно правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Шапуриќ Зоран.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Новио закон за трговските друштва е донесен на 1 јули 2002 година во скратена постапка и покрај тоа што тогаш научната и стручната, но и пошироката јавност реагираше на начинот на донесувањето на Законот, но имаше и значајни суштински забелешки за самата содржина на овој закон. Во оценките за состојбите и целта на денешниот закон за изменување на Законот за трговските друштва е наведено дека самиот закон е донесен без доволно имплементирање во јавноста, па науката и правните субјекти не беа во можност да го дадат своето мислење. За жал, тоа е точно, бидејќи тогашната Влада не само што не се прифати мислењето на науката, туку таа не беше ниту сослушана, па речиси дури и игнорирана. Не се водеше никаква поширока расправа за еден таков значаен закон. Дури по донесувањето на Законот, ех пост се водеа

расправи, каде што науката и стопанските субјекти укажуваа на бројните слабости и неприменливоста на одредените решенија од Законот, во праксата. И ете почитувани пратеници, само неколку месеци по донесувањето на овој закон, се покажа дека тој не е применлив, односно содржи тешко применливи решенија во јавноста. Имено, рокот за усогласување на актите и работењето на друштвата основани пред донесувањето на Законот, се продолжува од 31 декември 2004 година на 1 јули 2005 година, па потоа рокот од член 566 од 1 јануари 2005 гходина се заменува со 1 јули 2005, а од членот 571 од 1 јануари 2003 година се заменува со 1 јули 2003 година.

Добро е што Владата непосредно по своето конституирање ги детектира овие проблеми со Законот, Но, потребно е што побрзо да се преиспитаат и претресат сите други постојни решенија на овој закон, затоа што сум убеден дека по мошне кусо време тие ќе излезат на површина. Ова треба да се направи во една широка расправа, во која ќе биде вклучена и науката и праксата, односно стопанските субјекти.

Во оваа прилика мора да се потсетиме дека претходниот Закон за трговските друштва донесен на 30 мај 1996 година доживеа осум новелации, односно измени. Значи, една важна материја за шест години се менува ете веќе 10 пати. Затоа, укажувам на потребата на широко преиспитување на овој закон, за да не се се случи и Законот што е донесен во јули да го менување седум - осум пати за неколку години, па повторно по трет пат да носиме нов закон за трговски друштва.

Инаку, новелациите односно измените на законите најчесто се вршат од две причини. Едната е констатација дека одделна норма или повеќе норми, содржани во Законот биле или станале нефункционални или дисфункционални, а другата е поради тоа што и реалните состојби го надминале она што е утврдено во нормата.

Новелацијата, односно измената на некоја закон сама по себе, не е многу страшна работа, но ако таа се врши многу често, тоа укажува дека законот бил лош, односно многу лош.

Она што сакам да го нагласам во оваа прилка е дека законите како највисоки правни норми во хиерархијата на нормативниот поредок, се разбира после Уставот, треба да ја одразуваат стварноста и реалноста, но и да ја предвидат барем поблиската иднина, за да бидат квалитетни, но и применливи. Замислете ги старите односно развиените парламентарни демократии во една ситуација, каде многу закони кои регулираат еден ист општествен реален однос, би се менувале и по 10 пати за само неколку години. Се разбира дека ова е незамисливо.

На крајот, почитувани пратеници, потенцирајќи ја уште еднаш пторебата од целосно претресување на Законот за трговските друштва, но и целосно преиспитување

на неговата коегзистентност со другите закони, сакам да укажам само на некои од многубројните прашања на кои треба да се обрне внимание посилно внимание и тоа дали Законот оптимално го усогласува односот меѓу малцинските и мнозинските акционери, односно содружници, кога се работи за друштва со ограничена одговорност, дали тој создава доволно претпоставки за остварување на блокадите на собирот на содружниците во друштвата со ограничена одговорност, односно отстранува препоставки за блокада на Собранието на акционерите, кои се многу чести во праксата, дали законот создава поволна клима за странските инвестдиции и каков е односот во случаевите кога е помешан странски и домашен капитал, какви се меѓусебните права и обврски, но и многу други прашања. За ова последното, без некоја поширока елаборација, а во интерес на времето, ќе укажам на потребата од компаративно проучување на законот за облигациите на Швајцарската конфедерација и сличните одредби на законот за стопанските друштва во Република Словенија.

Почитувани пратеници,

Ниту еден закон сам по себе, па и овој мошне важен закон, не може со волшебно стапче да ја препороди македонската економија, но овој закон и тоа како може да биде еден од важните претпоставки за стабилна економија во РМ односно поголема економска стабилност во РМ.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и претставници на Владата.

Трговските друштва до донесувањето на нов закон во текот на 2002 година, беа регулирани во однос на законот донесен во 1996 година. Додека, пред донесувањето на овој закон во Македонија тоа беше регулирано со Законот за претпријатија. Во оваа насока со донесувањето на законот од 1996 година, требаше да се направи регистрирање на економските субјекти во однос на Законот за претпријатија, бидејќи во целост се измени начинот на работењето на претпријатијата.

Во сегашниот момент нема потреба да се направи нова пререгистрација, туку измена и дополнување на актите, со кои се создадени општествените претпријатија

со императивот на законот во сила или подобро речено хармонизација со овие закони, без потреба од нова пререгистрација.

Поради ова, со право сметам дека е предложено пролонгирање на рокот, заради оваа хармонизација, поради донесување нова измена на Законот за трговските друштва.

Ви благодарам многу.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Јашари.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за измена на Законот за трговски друштва.

Ги молам пратениците да влезат во салата, со оглед дека ќе гласаме.

Ќе ве замолам да ми го дадете бројот на присутни во салата.

Го повторувам заклучокот.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трговски друштва.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 61 пратеник, против нема и воздржани нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 64 пратеници, против и воздржани нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 пратеник гласале за, 2 воздржани, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за трговските друштва.

Минуваме на точката 7 - ***Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за акцизите, со Предлог на закон.***

Предлогот за донесување на закон, со предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за измена на Законот за кацизите.

Ве молам да се изјасниме.

Гласале 64 пратеници, сите гласале за заклучокот.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 63 пратеници, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закнот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 пратеници гласале за, 1 се воздржал од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за акцизите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот, со Предло-законот и извештаите на работните тела Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Елеонора Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторските права и сродните права со Предлог на закон, непосредно произлегува од превземените обврски на Република Македонија за зачлнување во Светската трговска организација.

Обврските кон Светската трговска организација за донесување на предложените измени и дополнувања е 31 јануари 2003 година.

Измените и дополнувањата се однесуваат на националниот третман и заштитата на странските автори и носители на сродно право, на ограничувањето на материјалните права на дополнителната заштита на порано заштитените дела и слично.

Би сакала да кажам дека Законот за авторските права и сродните права е донесен уште 1996 година, измените и дополнувањата уште во почетокот на 1998 година и се базира врз повеќе меѓународно правни извори од областа на авторските права и сродните права.

Република Македонија е во постапка за пристапување кон Светската трговска организација уште од есента 1993 година. Предлогот за донесување на Законот за измена и дополнување на Законот за авторските и сродните права е ставен уште на 107 седница на Собранието на Република Македонија во претходниот состав кој што започна во мај месец оваа година. Во меѓувреме преговорите со Светската трговска организација продолжија во текот на летните месеци, па затоа во Собранието на Република Македонија во неколку наврати претходната влада од претходниот состав биле доставени неколку кратки предлози за изменување и дополнување на веќе доставените предлози. Последниот предлог што ниего добивме беше од ноември 2002 година. Поради дефинирање и прецизирање на материјата, што треба да биде предмет на изменување и дополнување , Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија на седницата од 13.12.2002 година, предложи 16 амандмани кои беа согласно законот, Владата на Република Македонија ги прифати.

Со оглед на тоа што се работи за измени и дополнувања од поедноставна природа, всушност, за допрецизирање на одредени членови, бидејќи не се работи за сложен закон, а воедно и поради интересот на Република Македонија за зачлнување во Светската трговска организација условен со итно усвојување на овие измени и

дополнувања  и предлага на Собранието на Република Македонија да го претресат  Предлогот за донесување на закон и на истата седница да пристапи кон   претрес на Предлог законот,и истиот да го донесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следдниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донсувње на закон за изменување и дополнување на Законот за авторски права и сродните права.

Ве молам да се изјасниме.

Гласале 65 пратеници, сите се изјасниле за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеника, сите се изјасниле за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за култура поднесе амандмани на член 1 за менување на  член 2, за менување на член 3, за менување на член 4, член 5, за менување на ставовите 1 и 3 и за бришење на став 2, за бришење на член 6, за ришење на член 7, за менување на член 8, за бришење на членовите 9 и 10, за менување на член 11, за менување на член 12, за менување на член 13, за менување на член 14, за менување на член 15, за менување на член 17 и за менување на член 18, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 став 2, за менување на член 5 став  2 и на член 16, со кој се согласил претствникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 8 став 2 по кој Владата не се произнела.

Дозволете да укажам на еден проблем кој се јавува.

Согласно деловникот поднесување на амандмани на закони кои се во редовна процедура е овозможено на пет дена  пред излегувањето на Законот пред Собранието.

Со оглед дека сме на почетокот на примена на тие одредби, кои претпоставувам поголем дел од пратениците ги немаат предвид, овој амандман кој е поднесен  4 дена,

сега ќе го земам предвид за разгледување, меѓутоа укажувам дека од сега натаму ќе ги гледаме само амандамните, вклучувајќи ги амандманите на работните тела кои се доставуваат до Архивата пет дена пред одржување на седницата, освен за законите кои се гледаат по скратена или итна постапка за кои може и во текот на седницата да се поднесуваат амандманите. Ги молам и претседателите на работните тела во таа насока кога гледаат закони за кои поднесуваат амандмани, тоа да го направат минимум пет дена пред рокот за одржување на седницата да нема проблем од деловнички карактер.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 2, поднесе од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандмаот.

Има збор госпоѓата Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Овој амандман не го прифаќаме поради тоа што евентуалното прифаќање на амандманот би бил во спротивност од делот што е од поширок интерес, иако не е спротивно на принципите на заштита на правата, за кои со закон се обезбедени соодветни механизми во согласност со меѓународното искуство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи амандманот не го прифаќате.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Зоран Шапуриќ.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Кога го подготвував амандманот, исто така ги имав предвид меѓународните стандарди. Меѓутоа, сметајќи на традиционален конзерватиризам на претставници на Владата кон амандманите на пртениците реков го склучивме три години да биде на некој начин премостен тој период, а од друга страна соодветната авторска заштита, која што е предмет на овој член би добила поголема заштита, со поголем временски период заради евентуално обновување на тиражот и јас тврдам дека доколку се прифати овој рок од три години нема да биде во спротивност со меѓународните стандарди.

Инаку Вие добро кажавте почитуван претседателе да се почитуван деловникот во рок од пет дена меѓутоа, јас го поднесов дента пред крај на работното време и затоа можеби е настаната некоја забуна, меѓутоа тоа го имав предвид пет дена пред расправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само да внимаваме дека имате поднесено член од законот, на кој Комисијата за култура има поднесено амаднман и Владата го прифати и тој член е изменет.

Од ова што можам да видам одредбата на која што вие имате амандман не е изменета. Затоа би молел кога гласаме сега по вашиот амаднман да имаме предвид дека гласаме по изменетиот член 8 кој вие во извештајот од Комисијата за култура доставен, а не на оригиналниот текст.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претртесот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 62 пртеника, за се изјасниле 14.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот на член 8 став 2 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никј не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права.

Согласно Деловникот објавувам пауза од 1 час, до 14,30 и после продолжуваме со работа до 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 14,4о часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за ратификацијан на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесиување на законот, со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Ве молам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Гласале 58 , сите гласале,за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 61 за, двајца воздржани, против не гласал никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 63 за, еден воздржан и еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Хрватска.

Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор за трговска и економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламска Република Иран, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештајот на ЗПК ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за трговска и економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламска Република Иран.

Молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите се изјасниле позитивно.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници и сите се изјасниле позитивно.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за 64, воздржан 1, никој не гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договор за трговска и економска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Исламска Република Иран.

Минуваме на точка 11 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за фитосанитарна соработка, со Предлог на закон.

Дали има претставник на Владата?

Нема.

Точката ја прескокнуваме, бидејќи нема претставник од Владата.

Минуваме на точка 12 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлог на закон и извештајот на ЗПК ви се доставен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија.

Молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници. Сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за изменување и дополнување на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Словенија.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во полето на здравството и медицината меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со Предлог на закон.

Дали има претставник од Владата? (Нема).

Ја прескокнуваме точката 13, бидејќи нема претставник од Владата.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравствена заштита на животните и карантинот.

Немаме претставник од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство и од Министерството за надворешни работи.

Точката 14 ја прескокнуваме бидејќи немаме претставник.

Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за меѓународен патен транспорт, со Предлог на закон.

Присутен е заменикот  на министерот за транспорт и врски.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кралството Норвешка за меѓународен патен транспорт.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, сите се изјасниле за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка за меѓународен патен транспорт.

Минуваме на точка 16 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за превоз на стока и патници во меѓународниот патен сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за превоз на стока и патници во меѓународниот патен сообраај.

Молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржани двајца, против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 60 пратеници, еден воздржан и 5 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

ЗПК поднесе амандман на насловот на Предлогот на закон и на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на закон и на член 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ.

Со оглед дека амандманот се прифати, тој станува составен дел на Предлогот на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никј).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 58 пратеници, воздржани нема, против гласале 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за превоз на патници и стока во меѓународниот патен сообраќај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Минуваме на точката 17. - Предлог за донесување на закон за ратирикација за измени на Протоколот Б, од Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Република Бугарија со Предлог на закон.

Ова е законот кој Владата бараше на почетокот на седницата да го усвоиме по итна постапка, а сега не гледам претставник на Владата.

Господинот Шатку беше тука, и ако е некаде во зградата нека се врати, а сега со оглед дека нема претставник на Владата продолжуваме со работа по точката 18.

Минуваме на точката 18. - Предлог за донесување на закон за културно наследство.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор.

Нема претставник на Министерството за култура.

Одиме на точката 19. - Предлог на просторен план на регионот за заштитните зони на изворот Рашче.

Предлогот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на просторниот план.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на основот на Предлогот на просторниот план.

Молам, пратениците за дискусија што се пријавени по Законот за културно наследство да се објават со притискање на копчето.

Молам, сите што се пријавени да се исклучите.

Просторниот план на регионот за заштитните зони на изворот Рашчењ е во последна фаза и одиме на расправа по текстот на законот. Значи, не водиме расправа по предлогот на просторниот план.

Отворам претрес по текстот на Предлогот.

Законодавно-правната комисија, поднесе амандман на основот на Предлогот на просторниот план.

Отворам претрес по амандманот на основот на Предлогот на просторниот план поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе за амандманот.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот станува составен дел на законот.

Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот на просторниот план.

Молам, дали некој бара ѕбор?

Има збор г-дин Љубомир Јанев, министер за животна средина.

Со оглед дека предлогот е во последна фаза, Собранието во претходниот состав го има утврдено, сега расправаме само по Предлогот на текстот на законот, а не во целина на просторниот план.

Има збор г-динот Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имајќи ја во предвид важноста на овој просторенн план се решив за едно кратко експозе.

Собранието на Република Македонија денес има ретка прилика да расправа и да усвои еден плански документ кој е од огромно значење заради рационален и хуман развиток на просторот од регионот на заштитните зони на изворот Рашче. Со претходна инвентаризација на целокупните состојби, анализи на постојните состојби и со посебна методологија и експертски елаборати имаме прилика преку претпоставки за идниот развој да дојдеме до сознанија за значењето и сложеноста на проблемот на овој региион.

Ќе дојдеме до сознание за шансите кои се нудат со постапки на овој просторен план.

Секако дека еден од важните елементи на овој план е заштитата на животната средина и природата. Тоа значи дека определени состојби во животната средина и природата со планот се согледуваат на повисок степен со намера да се најдат решенија за надминување на тие состојби.

Уставен основ за изработка и донесување на овој план е членот 56 од Уставот на РМ.

Законскиот основ произлегува од повеќе закони. Законот за води; за заштитата на животната средина и природата; за просторно и урбанистичко планирање, како и други акти произлезени од позитивните закконски прописи.

Предмет на овој просторен план преставува територијата на првата и втората заштитна зона на изворите Рашче определена со одлуката за утврдување на границирте на заштитените зони на изворот во 1990 година, а во анализата на природните фактори опфатен е целокупниот простор на кризното подрачје. Основната цел на изработката на овој план е создавање на базичен документ со помош на кој ќе се насочуваат процесите на интегралниот развој на просторот од заштитните зони на изворот Рашче до 2020 година, а во функција на заштита на квалитетот, стабилноста и режимот на водите на изворот Рашче.

Преку планските решенија за разместеноста на дејностите и стопанските капацитети, развојот на населбите, инфраструктурните системи, намената и користењето на земјиштето, одржливото користење на природните ресурси, се лоцираат мерките за заштита од овој комплекс.

Овој просторен план е значаен најмногу заради неговата улога да создаде услови за заштита на изворот Рашче кој е главен снабдувач со вода за пиење на населението во скопскиот регион односно на околу 600 илјади жители. Со планот се дефинира директно учество на локалното население и стопанските субјекти во имплементација на мерките и режимите за заштита, сочувување на квалитетот, стабилноста и издашноста на изворот Рашче. Рашче преставува природен феномен со особена вредност и општествено значење. Извор со просечна издашност од 4 м3 вода. Изворот е капиран уште 1937 година, за да до денес постојано се надоградува.

Овие карактеристики даваат на знаење дека изворот треба соодветно да се заштитува за што се изработени бројни експертизи, проекти и прописи. Но, за жал може да се констатира дека до денес недоследно се спроведуваат пропишаните мерки за заштита што од друга страна преставува сериозна закана за просторот, поради што и се предлага да се усвои овој просторен план.

Во границите на првата и втората заштитна зона лоцирани се вкупно 39 населени места, во кои 7 општини со вкупно 47 илјади жители. Локациската поставеност и развој на некои од населбите е во директна врска со квалитетот на водите од овој извор.

Преку анализите за секоја од населбите со овој просторен план се утврдуваат можните влијанија врз квалитетот на водите од изворот. Основен носител на стопанските активности во овој регион, а истовремено и мошне сериозен потенцијален загадувач е Југохром кој егзистира на површина од 40 хектари. Истовремено и сите останати

капацитети, значително ја нарушувааст животната средина во регионот па и на самиот извор Рашче.

Крајно, животната средина во овој регион се загадува и со испуштање на отпадните води во септици и во почвата поради комуналната неопременост на најголемиот дел од населбите.

Врз основа на постигнатото ниво на развојот, природните погодности, ограничувачките фактори се определува нивниот развој на просторот од заштитните зони на изворот Рашче и тоа преку повеќе цели и задачи. Ќе споменам некои од нив.

Вклучување на населението во активностите за заштита на изворот Рашче.

Рекултивирање на земјоделското земјиште и негова продуктивна намена.

Повисок степен на финализација на производите и ориентација кон извоз.

Зголемување на земјоделските површини под трајни насади.

Пошумување и зголемување на површините под шума.

Долгорочно решавање на обезбедувањето на населението со вода за пиење и реконструкција на системите за водоснабдување.

Спречување на порои и ерозија.

Инсталирање на енергетски објекти.

Подобрување на попатната електроенергетска мрежа.

Систем за собирање, транспорт и депонирање на отпадот.

Отворање на индустриски зони.

Развој на населбите од категоријата на општински центри со елементи на урбан стандард.

Просторно поврзување на населените места преку ефикасен сообраќаен и комуникациски систем.

Подобрување на квалитетот на локалната патна мрежа.

До 2020 година се предвидува вкупното население во заштитните зони на регионот да изнесува над 60 илјади жители, во 11.850 домаќинства за населени места.

Се предвидува ревитализација и преструктуирање на постојните производни капациртети и изработка на нова урбанистичка документација за таа цел.

Имајќи ја предвид постојаната дисперзија на населбите се предвидуваат и две стопански зони во регионот. со прифаќање на нови индустриски гранки.

Исто така, се предвидува зголемување на површините кои ќе се наводнуваат и пренаменат на дел од деградираното земјиште, ефикасност во наводнувањето, унапредување на техниките на обработка на почвата.

Стопанското користење на шумите, нова шумско стопанска основа; подобрување и забрзан развој на шумите; нови површини на шуми се тема на овој просторен план.

Приоритет во геолошките истражувања и искористување на минералните суровини ќе имаат варовниците и травертините.

Со планот системот на населбите се предвидува да биде на две нивоа - општински центри и останати населби.

За населените места ќе се ревидира планска документација и ќе се најдат приоритети за комуналното уредување.

Водоснабдувањето на населбите ќе се решава со капирање на локалните изворишта, со реконструкција на постојните и изградба на нови водозафати, и изградба на заеднички системи за водоснабдување.

Во развојот на енергетската инфраструктура постојат можности за искористување на биогасот, однадниот гас на електро печките од Југохром и слично.

Се предвидува целосна реконструкција на ниско напонската мрежа и инсталацииите за јавното осветлување.

Во наредниот период се предвидува развој на сообраќајната инфраструктура со изградба на магистрална патна мрежа, регионални и локални патишта.

За решавање на проблемите во животната средина неопходно е да се изврши санација на постојните загадуважи и преземање на превентивна заштита. Ќе се преземат мерки за примена на систем за прочистување на отпадните гасови, заштита на водите, рекултивирање на депониите и соодветно управување со комуналниот одвод.

Прсторниот план преддидува и соодветни биланси и намената и користењето на земјиштето за што се неопходни широки активности во доменот на донесување соодветна документација и усогласување на локалните политики за развој, како и систематски истраги. Крајно, просторниот план на регионот и заштите со нив, на изворот Рашче дефинира приоритети и етапност во реализацијата на наредните активности. Дефинирани се носители на активностите, проектите кои треба да се донесуваат, цените на тие проекти и приоритетите за н ивна реализација.

Почитувани пратеници,

Практично овој просторен план претставува основа за севкупниот развој на регионот. Планот во наредниот период ќе биде управувачки документ односно интегрален развоен проект како дикумент со трајни вредности што секогаш се добри особини. Трајно, од реализацијата на овој просторен план ќе зависи со која брзина овој регион ќе оди напред но и каква ќе биде функцијата, квалитетот, стабилноста и режимот на водите од изворот Рашче.

Имајќи ги во предвид таквите определби на планот очекувам полна поддршка од вас пратнеиците и усвојување на овој значаен документ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Јас ќе дадам збор на сите што се пријавиле за дискусија со оглед дека има поголем број на пријавени дискутанти, меѓутоа, сакам да упатам на фактот дека Владата просторниот план го достави до Собранието како предлог на просторен план и по него се врши претрес само по текстот на законот, а не и по планот во целина. Со оглед дека претресот по текстот го завршивме,. Расправа по текстот и амандманите ги завршивме сега сме во фаза на расправа по текстот на просторниот план, а не и по просторниот план како предлог за донесување. Имам предвид дека пратениците и во овој случај најголем дел претпоставувам дека се пријавени да расправаат по предлогот за донесување на планот. Нема да го одземеме правото, меѓутоа ќе ве молам да бидете по рационални во дебатата со оглед дека одмината фазата за која и министерот сега зборуваше но, така е доставен од Владата.

Има збор г-дин Абдилаќим Адеми.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Јас би сакал да дадам свое мислење и оценка во врска со овој проект.

Целта на овој проект е да се изведе една добра основа за заштита на квалитетот на водата и елиминирање на фактот кој ќе може да има директно или индиректно влијание врз квалитетот на водата за пиење од изворот Рашче.

Самиот извор Рашче по својата природа е од стратешко значење за државата затоа што од тука се снабдува голем број на населението на Македонија со вода за пиење. Скоро една четвртина од вкупното население на државата.

Во овој предложен проект се предвидени мерки  кои треба да се преземат со цел да се постигне горенаведената цел - заштита на водата за пиење од изворот Рашче, како и подобрување на инфрастсруктурата во првата и втората зона со канализација, асвалтирање на патиштата итн. Потоа, воспоставување на еден режим за преработка на земјата и употреба на вештачки ѓубрива, пошумување на одредени зони со цел да се спречи ерозија на земјиштето, да се влијае врз заштитата на околината и други мерки. Сите тие активности се предвидува да се преземат до 2020 година.

Доколку се има предвид фактот дека денеска најголемиот загадувач на животната средина е факторот и имајќи го предвид фактот дека врз основа на бројот на населението

концентрирано во зоната 1 и 2 околу изворот Рашче и врз основа на тој број треба да се предвидад активности и реализација на разни проекти. Тогаш во таа насока би сакал да дадам неколку забелешки до предлагачот на овој проект.

На страница 5 се даваат предвидувања на една бројка на населението до 2020 година, за населените места Сарај, Јагуновце, Вратница, Теарце, Џепшиште и Желино. Врз основа на бројките кои се прикажани во овие табели во сите населени места и има помал број на население отколку вистинскиот број на население. Значи доколку проектот се заснива врз бројката на население тогаш предлагачот треба да го има предвид и овој факт, како и да го има вистинскиот број на жители во тие зони.

Со овој проект се предвидува и подобрување на инфрастсруктурата со цел заштита на квалитетот на водата за пиење од изворот Рашче. Имајќи го предвид фактот дека населените места од првата и втората зона околу изворот Рашче го немаат регулирано прашањето на канализацијата и водоснабдувањето и имајќи го предвид фактот дека токму населените места од овие зони претставуваат и опасност за загадување на водата за пиење од изворот Рашче преку фекалните води кои се истураат на неконтролиран начин, тогаш неизоставно треба да се реализираат пред се предвидените проекти за канализација и водоснабдување во населените места на општините Јагуновце, Теарце, Врапчиште, Желино и Врапчишта.

Исто така се предлага и проширување на втората заштитна зона каде се опфатени селата Порој, Мала речица, Сараќино, Желино и градот Тетово. Се предвидува и регулирање на реката Порој. Затоа предлагам во втората зона обавезно да се опфати селото Гермо. Кога го велам ова го имам предвид фактот дека реката Порој тече од Шара во Гермо.

Друга причина поради која предлагам Гермо да се најде во втората зона е и фактот дека поради ерозијата и лизгањето на земјиштето се ризикува половина од селото со околу 260 жители кои при секоја падавина, секое паѓање на дожд се евакуираат од нивните домови поради опасност од лизгање на земјиштето. Мислам дека не е доволно да се рекоструира само коритото на реката Порој, туку треба да се интервенира и во селото Гермо со цел да се спречи ерозијата на земјиштето.

Тоа претставува закана за селата Порој, Џепчиште, Требош и Палатица, го оштетува и земјиштето во овие села, патот Тетово-Јажинце и железничката пруга тетово-Скопје, а на индиректен начин влијае и врз загадувањето на водата за пиење во изворот Рашче.

Мислам дека овие забелешки ќе бидат земени предвид од страна на предлагачот и ќе имаме натамошни објаснувања во тој правец.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има г-динот Ејуп Рустреми.

ЕЈУП РУСТРЕМИ:

Почитуван господине претседател, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Што се однесува до Предлогот за просторниот план на регионот за заштитните зони на изворот Рашче имам една забелешка затоа што во приоритетниот список не е опфатена ерозијата на земјиштето во селото Ѓермо и регулирањето на коритото на реката Порој која е една од главните причинители на загадувањето на животната средина, иако во втората заштита зона на изворот рашче се предвидува тоа корито да се регулира. Со оглед на фактот што ја спотекнувам од таа зона, дозволете ми да ви дадам некои информации поцрзани со ова прашање.

Ерозијата на земјштето во селото Ѓермо опфаќа еден простор од 50 хектари земјиште кое се уништува и оваа ерозија го има ставено во прашање животот на граѓаните на селото Ѓермо од општината Џепчиште. Во ова село во населбата наречена Река, со 44 куќи каде живеат 265 жители и има 30 земјоделски објекти кои заедно со земјиштето се лизгаат во правец на коритото на реката Пороj. Истекувањата на реката се заканува на 50% од ова село, го уништува земјиштето и го блокира регионалниот пат Тетово-Јажинце, а претставува закана и за железничката пруга Тетово-Скопје, ги поплавува куќите на селата Требош и Палатица. Експертите сметаат дека ерозијата во Ѓермо и поплавувањата на реката Пороj ги загадуваат и подземните води, посебно на изворот Рашче.

Да ве потсета дека историјатот на лизгањето на земјиштето во селото Ѓермо и поплавувањето од реката Пороj не е нов проблем. Нашите информации кажуваат дека општината Џепчиште од 1997 година, кога со последните поплавувања се уништија сите брани, се уништија и двата моста во селото Пороj каде како последица на тоа три месеци беше блокиран регионалниот пат Тетово-Јажинци каде беа поплавени земјоделските култури на граѓаните од селото Џепчиште. Овие штети од страна н аопштинската комисија во која учествуваа претставници од подрачните единици на Министерството за земјоделство како Министерство за транспорт и врски, се проценија на сума од над 6 милиони марки односно денес тоа би било над 3 милиони евра. Општината ЏепчиШте на перманентен начин ја информираше Владата и соодветните министерства каде на 31 март 1998 година Владата ги усвои конкретните заклучоци за решавање на овој

повеќедимензијален проблем. Истата работа ја оцени и другата Влада и тоа на 10.10.1999 година која освен мерките за подготовка на еден проект каде се предвидува изградба на брани на коритото на реката Пороj, никаква друга конкретна активност не е направена во тоj правец, иако во заклучоците на Владата се предвидуваше една динамика на решавање на овоj проблем.

Соочени со незаинтересираноста на владите на соодветните минситерства, општината Џепчиште побара помош и од сегашниот претседател на државата коj во неговиот одговор им вети на општинските власти дека на интервентен начин ќе влиjае врз решавањето на овоj проблем.

Сите информации на се ова горе наведено односно информациите на владите кои донесоа различни заклучоци, како и информацијата од сегашниот претседател, ги имам тука и ќе ги приложам кон стенографските белешки.

Засноваjки се врз сите овие факти предлагам во краjните заклучоци да се вклучи и санацијата на ерозијата на земјиштето во селото Ѓермо во што пократок рок на реализација на идните активности затоа што проблемот на загадувањето на водите на изворот Рашче на директен начин е поврзан и со ерозијата на земјиштето во селото Ѓермо и поплавите од реката Пороj, што е аргументирано и од експертите кои го предлагаат просторниот план за заштита на зоните околу изворот Рашче.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Би сакал да укажам на сите пратеници и на г-динот Рустеми и на г-динот Адеми коj пред него дискутираше дека просторниот план бил доставен повеќе од еден месец и ако сакате било каква промена на опфаќање на некое село или регион, во некоj степен на заштита треба да се достави амандман. Предлагачот не може да ги земе предвид вашите усмени забелешки, особено не во фаза кога го донесуваме просторниот план денес. Затоа сите пратеници, ве упатувам, кога ќе ги добиете материјалите и кога ќе сакате да направите промени во нив, особено ако се во фазата кога се гласа, во последната фаза, да доставувате амандмани во роковите, а тие на време ви се доставуваат. Сите усмени забелешки тука во оваа фаза не може да се земат предвид. Така што овие, претпоставувам добронамерни укажувања и упатувања можле да се земат предвид ако се упателе во вид на амандман што ќе ги разгледа Владат аи ќе ги прифати или отфрли, а после ние ќе ги гласаме, ако ги отфрли, согласно нашето уверување. Меѓутоа во оваа фаза, сега , практично, освен укажувањето не е можно веќе ништо да се промени, а материјалот ви е еден месец доставен. Ве молам да обраќате внимание на тие материјали, претходно, штом ги добиете, ако имате забелешки кон нив, во вид на амандмани да ги доставувате во Собранието.

За збор се јави госпоѓата Елеонора Петрова-Митевска.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА-МИТЕВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Мојата забелешка е повеќе техничка и се надевам дек апоради тоа ќе биде прифатлива за предлагачот.

Во Предлог просторниот план, во поднасловот-дефинирање на приоритетите и етапноста за реализацијата на наредните активности, на страна 29, во делот носител на активности, во четвртата табела по зборовите " Министерство за економија и Министерство за животна средина и просторно планирање", зборот "планирање" да се избрише и да се додадат зборовите "Министерство за култура". Планирање да се брише затоа што двапати е напишано, што е апсолутно една техничка грешка, а во целите би требало да влезе Министерството за култура, бидејки во целите се спомнува заштитата на природните и културните вредности.

Сметам дека оваа забелешка навистина е прифатлива, бидејки се цени дека при дефинирањето на приоритетите и етапноста во реализацијата на наредните активности, носители на активноста при изработката на физибилитистудијата за развој на туризмот во населенит еместа во подножјето на Шара, а се со цел заштита на природнит еи културните вредности, покрај предвидените министерства, во Предлогот на просторниот план во регионот на заштита на изворот Рашче, потребно е како активен учесник да биде наведено и Министерството за култура.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на г-ѓата Петрова.

За жал убаво го формулиравте амандманот, ама требаше писмено да го доставите.

Има збор г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јас се јавувам за збор во својство на известител на Комисијата за транспорт, врски и екологија и би сакал да укажам на последниот заклучок што и е доставен, во рамки на Извештајот на Комисиајта. Имено после подолга дебата Комисијата одлучи да му предложи на Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија во најкраток можен рок да изготви закон за заштит ана изворот Рашче кој нормално е комплементарен со овој Предлог просторен план и продолжение на заклучокот, преку надлежните органи на државната управа, да се обезбеди систематско следење, спроведување и

остварување на предвидените цели, интереси со планот. Тоа го давам на знаење бидејки тоа е посебен заклучок во рамки на Извештајто на Комисијата за транспорт, врски и екологија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Збор има годсподинот Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Привилегијат ашто јас ја имав да дојдам во пратеничките клупи од местото заменик генерален директор на Јавното претпријатие Водовод и канализација, ми дава за право да се јавам и да кажам неколку работи околу оваа проблематика.

Пред да дојдам во ова претпријатије за водата знаев исклучиво од научните филмови на Девид Белан и Жан Жак Кусто и мислев дека водоснабдување е само пуштање на вода од славина. Меѓутоа, испадна дека е малку покомплексно.

Проблемот на Рашче е малку по комплексен и како што гледате во самиот материјал, повеќе министерства и фондови се вклучени во изработка н аовој Предлог план, а понатаму и во изработка на законот. Јас ќе го подржам планот и сакам само неколку фактографски податоци, а да не бидам погрешно сватен, ова се однесвуа малку на пошироката јавност затоа што состојбата со водата во светот станува алармантна. Од прилика вака би било тоа, а подоцна ќе поентирам што ми е идејата:

97,5% од количеството на водата на планетата Земја е во морињата, која е солена, неупотреблива за пиење и користење. Од 2,5% слатка вода , 2/3 се во вечен лед и тешко се искористливи, а останатите 1/5 се недостапни. Само 0,08% од водата е достапна за пиење.

Заради ваша информација но пошироко за граѓаните на Република Македонија, некаде околу 1.200.000,000 жители н апланетата Земја не знаат што значи славина, а во наредните 25 години тие бројки се дуплираат односно ќе има некаде околу 2,3 милијарди жители што не знаат што е питка вода. И она што е најпоразително, некаде околу 3,5 милиони луѓе секоја година умираат од недостиг на вода или од загаденост на водата. Некаде околу 2/3 на целокупното светско население нема питка вода, а во онаа 1/3 каде што ние спаѓаме, спаѓаме во земјите кои ќе имаат проблем со вода во наредниот период, бидејки припаѓаме на такво климатско подрачје. Што ми е поентата од сето ова.

Ние го имаме Рашче кое се наоѓа на 10 километри од центарот на Градот, кое , бидејки е 50 метри повисокот од Градот може директно, без никаков напор да испумпува вода во системите за водоснабдување на Градот Скопје и без никаква посебна технолошка обработка, освен додаток на хлор кој е според некои нормативи.

Она што исто така сакам да го кажам, ако каже министерот Јанев, се работи за извонредно издашен извор кој со 4,5 кубика вода е еден од најбогатите во Европа и е, како што реков само 10 километри одалечен од центарот на Градот, за разлика на пример од Виена која влече вода во далечина од 80 километри или некои други до 100 километри, или за разлика од Белграѓани кои пијат преработена вода од фабриката Макиш, од Сава или Дунав, или Загрепчаните.

Бидејки станува збор за просторниот план на регионот на заштитни зони на изворот Рашче и бидејки во материјалот имавме еден табеларен приказ за приоритетите, би сакал да кажам кое е моето размислување до донесување на законот, што може Владата и локалната управа да превземе заради надминување на одредени проблеми што сега се јавуваат.

Како прво и ургентно, регулација на реката Вардар во текот, под излезот на Дервенската Клисура до изворот низводно, бидејки тука пред месеципол дена, поради излевање на реката Вардар дојде до опасноста, мешање на водата од Вардар и водата од каптажите еден и два. Тоа локалнат ауправа би го направила, меѓутоа со максимална подршка на Владата, бидеки се работи за одредени средства, зборувам за заштитната зона еден односно самата околина на изворот Рашче.

Второ, донесување на закон за снабдување со вода, одводнување, пречистување и испуштање на урбани отпадни води, закон кој беше на последната седниц ана претходното Собрание, меѓутоа поради итноста на некои други закони беше симнато. Тоа го кажувам затоа што со овој закон ќе се подобри работата на Јавното претпријатие водовод и канализација кое стопанисува со изворот Рашче и ќе ја подобри кондицијата на претпријатието во делто на исполнвување на обврските спрема Рашче.

Трето, касимално почитување на водостопанската основа и нејзино ажурирање. Имено има стопанска основа со која се дозволува користење на водата од изворот Рашче за одредени региони, поточно за централното градско подрачје, а досега имаше злоупотреба заради политички цели. Би сакал тоа да престане во наредниот период, да се дава водосогласност, да бидат достапни одредени населени места за користење на таа вода. Со тоа би се нарушил системот и утре во Градот Скопје, нормално како економски, стопански културен центар во РМ за одредено време ќе се јави недостиг на вода.

Четврто изворот Рашче се наоѓа на земјиште кое е експроприрано но не и откупено. притоа Владата треба да направи напор да најде средства, на тие граѓани кои таа земја и натаму ја обработуваат, зборувам за првата заштитна зона во самата околина

на изворот Рашче, да им се откупи и да не се дозволи обработка, бидејки секое движење, било какво, од животни или од луѓе може да доведе до нарушување на тој процес.

Пето, почитување на заштитата на зоните со доследна примена на законските, казненит еи другите одредби. За што станува збор? Конкретно на пример иамте, во делот на јеловината од Југохром каде што инспектори не можат да влезат, шестовалентен хром кој, доколку влезе во системот, преку подземните води или слично, би бил катастрофален. Тука можам да кажам и тоа, ако се сеќавате пред неколку месеци имаше една новинарска информација дека во изворите Нерези и Лепенец се гради фабрика за рециклирање на отпадно уље без дозвола на ниеден орган. Јас незнам што со тоа стана. Понатаму се градат стопански објекти по делот на главните водови што исто претставува можно загадување.

По се ова што го наведов има една порака.

Првата војна во светот е водена поради огинот. 21 Век ќе биде проследен со војни за контрола на водата. Ние тоа го имавме во блиското минато, па би ја замолил Владата да направи напори во овие приоритети час поскоро да ги донесе сите акти од нејзина надлежност, заедно со Локалната самоуправа, за да го заштити овој бисер што ние го имаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави г. Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги,

Сега ќе слушнете една опозициона забелешка што се однесува до просторниот план за заштитната зона на изборот Рашче. Ние, како парламентарна група, не сме членови на Комисијата за транспорт, врски и екологија и на некој начин сме хендикепирани, затоа што со нашето учество во оваа комисија би имале поголемо влијание. Затоа сега ќе ја искористам таа можност да го искажам мислењето на парламентарната група.

Доколку се сеќавате, оние кои ја следеа работата на минатата сесија, имаше два предлози за просторниот план. Едниот за Република Македонија, односно со кој што се регулираше просторниот план на Република Македонија за 10 идни години. Јас сум еден од оние поради кои овој просторен план до ден денеска не е спроведен, не е

реализиран. Од две дебати што се водеа во однос на просторниот план се противевме во рамките на изминатиот парламент. Тоа се должеше на фактот дека еден аматер кој не ја познава оваа област ќе види дека во картите предложени за регулирање на просторниот план, од самите бои на картите ќе види дека во Западна Македонија имаше многу малку бои што значеа регулирање од областа на телекомуникациите, водоснабдување, слободни економски зони. Самите бои на тие мапи за просторно регулирање се гледа една тенденција, една скепса дека можеби тие кои го предложиле овој план, можеби биле сугестивни.

Зошто го велам ова? На пример, во рамките на Комисијата за транспорт, врски и екологија од околу 300 и нешто учесници кои учествувале во предлагањето на овој просторен план имаше само 2-3 албанци. Можеби поради овој факт јас имам право да се сомневам во сугестивноста, во текот на определувањето на овој план.

Овој план се уште не стана реалност. Новата Влада, со оглед на фактот дека претставува потреба за Република Македонија, се надевам дека ќе ги земе предвид нашите забелешки во однос на овој план.

Имаше и Предлог на закон за прогласување на Шар Планина како национален парк. Ова беше предложено во време на кризата. И тука ние се спротивставивме на овој Предлог-закон, затоа што се носеше во една многу забрзана процедура и беше многу празен по содржина, иако предлог-закон за прогласување на планина за национален парк, како процедура и како феномен, е многу комплексен, тој беше предложен без некоја широка дебата. Така што никој не можеше да предвиди кои ќе бидат предностите или недостатоците на едно такво прогласување на Шар Планина за национален парк. Поради една таква нејаснотија не е усвоен.

Денеска, пред нас имаме исто така Закон за заштитните зони на изворот Рашче, како Предлог на закон. За мене како пратеник е многу сув, многу несодржински. Јас би сакал овој предлог да не се разгледува од нас за прв пат, туку тој требаше прво да се разгледува од општините, односно од луѓето за кои што е посветен овој план. Тие, со свои забелешки и сугестии да се припојат кон материјалите, значи да бидеме запознаени со нивните мислења за овој просторен план. Ним треба да им се објаснат предностите и бенефициите од оваа благородна идеа за зачувување на чистотата на водата, тие да се убедат дека овој план, навистина, ќе понуди просперитет од економски, еколошки и друг аспект за овие области.

Значи, со донесувањето на нашата одлука врз основа само на некои карти што тешко можат да се разберат или врз основа на некои документи, ние сме скептични

дека ќе го донесеме вистинското решение или ќе дадеме придонес за макроструктурата на водата за пиење за иднина. Јас лично го имам ова стравување и скепса.

На пример, еве некои аргументи во врска со самиот текст каде што се опишуваат целите за употреба, организација и користење на просторот. Тука има многу цели кои што изгледаат благородни. Таквите ги прифаќам.

Во една од нив се вели дека треба да се намали зголемувањето на населението. Тука нема објаснување дали се работи за животните кои што се репродуцираат премногу или пак се работи за населението, за луѓето? Дозволете да ја потсетам јавноста дека тука се работи за една многу широка зона, како што рече претходниот говорник, кога се работи за заштита на водата. Тука се опфаќаат многу општини, толку голема територија што презема димензии и засега не само заштита на макроструктурата на чистата вода од изворот Рашче, туку се однесува скоро на половина од Шар Планина. Тука се подразбираат селата Кондово, Свиларе, Дворци, Сараево, Бојане и Копаница, општините Јегуновце, Вратница, Желино и Џепчиште. Значи, се работи за регулирање на простор на една огромна територија.

Освен прашањата поврзани со водата, тука се опфатени и многу други области засегнати од просторниот план.

Тука би сакал некое објаснување, како што реков за намалување на населението со голема репродукција и исто така во однос на управување со демографскиот развој, имајќи ги предвид режимите на заштита на зоните, функционалноста на просторот итн., што значи ова "управување со демографскиот развој" или "ограничување на територијалниот развој" итн?

Ова го надоврзувам на еден од коментарите на пратениците тука во следниот параграф, под наслов "План за организирање, регулирање и заштита на просторот на изворот Рашче до 2020". Во проекцијата на населението, бројките за населението до 2020 година се чинат помали од бројките на населението, на постојното население. Тука би било добро да се сочекаат резултатите од новиот попис.

Едноставно не разбрав што значи проекција на население? Како да се проектира населението? Како да се врши проекција на населението? Ние сме имале многу горчливо искуство во однос на проекцијата на населението. Се сеќавате, се казнуваше тој кој ќе има повеќе од три деца итн. Меѓутоа, уверен сум дека тенденцијата на овој закон не оди до таму. Сепак, има некои зборови кои ме прават скептичен, доколку нема некои објаснување што би ме разуверило.

На пример, имаме параграф за "употреба и заштита на земјоделското земјиште". Во вториот параграф, алинеа 1 се вели "намалување на обработливото

земјиште за 0,5%”. Кои се критериумите за намалувањето на обработливото земјиште, дали се известени тие кои го обработуваат земјиштето на кој начин ќе се намалува тоа, дали ќе им се одземе, дали ќе се купи? Тоа не треба мене да ми се објасни. Ним да им се објасни за да се уверат дека тоа се прави за нивно добро.

Или пак “искористување на шумите”. Тука се работи за една многу сиромашна зона. Треба да се има предвид дека жителите од овие села го користат првото не само за домашни употреби туку со него обезбедуваат дел на економска егзистенција. Сега е прашање дали има некој специфичен режим за искористување на шумите.

Ова треба да им се објасни на селаните, каков ќе биде тој режим, какви ќе бидат механизмите за спроведување на тој режим. Сакам да кажам дека има и други позитивни елементи за развој на економијата, еколошкиот развој, развојот на инфраструктурата. Мислам дека и овие елементи треба да се објаснат и да се каже дека трендот на малата економија, прехранбената економија, тоа е позитивно, дека со изградба со ресурси на овие зони ќе се помогне во развојот на селата. Добро е надлежните луѓе кои учествувале во подготовката на овој просторен план, требале да се упатат кај овие жители, да им објаснат а потоа да се дојде во Парламентот, па ние на соодветен начин ќе гласаме за овој просторен план.

Ова се неколку од моите недоумици во оваа област што отворено ги изнесувам. Се надевам дека доколку мислите дека овој текст не би требал прво да се достави до главните корисници, се надевам дека ќе бидам демантиран од тие кои ќе го реализираат овој план, во тој случај нашата група ќе гласа против овој план.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Тромбев бара реплика. Имате три минути.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Многу ми е жал што господинот Дика не присуствуваше на Комисијата за транспорт, врски и екологија, затоа што согласно Деловникот на Собранието тој може да учествувас во работата на самата комисија. Дел од овие дилеми што ги искажав тука, уште тогаш ќе биа расчистени.

Меѓутоа, би сакал и заради јавноста и транспарентност, пред јавноста да кажам дека за самото закажување на Комисијата за транспорт, врски и екологија на 18

декември беа поканети градоначалниците на 7 општини што потпаѓаат под овој регион, под ова подрачје. За жал, ниту еден од тие градоначалници или било кој претставник од тие локални самоуправи не присуствуваше на седницата на комисијата. Тие можеа во таа можност да ги кажат нивните забелешки по однос на просторниот план, меѓутоа пак укажувам дека во таа можност никој од тие локални самоуправи не присуствуваше.

Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Замир Дика бара реплика.

Имате право на реплика од една минута.

**ЗАМИР ДИКА:**

Благодарам.

Сега ја добив оваа информација и не како реплика, туку би сакал да искажам комплимент на г. Тромбев што ги поканил градоначалниците на општините. Меѓутоа, тоа не е доволно. Ова не е доволен аргумент да се каже само дека ние ги поканивме а тие не дојдоа, ние ќе си ја вршиме работата.

Критиката ми е повеќе насочена кон Владата, односно надлежните професионални органи кои учествуваат во донесувањето на овој Предлог закон. Пред да стаса овој документ до Парламентот треба учесниците да бидат поагресивни при претставувањето на овој документ, требало да се разговара со граѓаните, требало да се уверат. Ако треба и цел месец да помине во тоа додека да се дојде до Парламентот, затоа што кога ќе дојде во Парламентот веќе е завршената работата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Адеми барате реплика или збор?

(Господинот Адеми од место изјавува дека бара реплика на господинот Тромбев).

Барате реплика, немате право. Тоа беше реплика со господинот Замир Дика.

Само момент, да објаснам, немаме право на реплика кога некој реплицира. Само на дискусија има реплика. Ако сакате, јавете се за збор, ќе дискутирате после тоа, имате право два пати да земете збор. Не е проблем.

За збор се јави госпоѓа Лепиткова Соња.

(Повереникот на Владата Кирил Настески бара збор).

Господине Настески немате право на збор во Собранието. Не сте претставник на Владата, сте повереник. Вие тоа го знаете, од вашето долгогодишно пратеничко искуство.

Ако сака министерот може да земе збор.

Има збор господинот Љубомир Јанев.

**ЉУБОМИР ЈАНЕВ:**

Би сакал да одговорам на господинот Дика дека не е потполно во право, бидејќи е извршена јавна расправа пред широкото граѓанство уште на 8.11.2001 година, каде присуствуваа градоначалниците и претставниците на општините, на таа јавна расправа. Предлогот на просторниот план за заштита на Рашче беше претставен пред нив и таму беа добиени сугестии што беа земени предвид при изготвување на текстот. Значи, таква јавна расправа постои и сугестиите од таа јавна расправа се земени во предвид.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на укажувањето.

Сега има збор господинот Адеми.

Само ќе Ве замолам да го утврдиме тоа правило, трето лице не може да добие збор за реплика кога двајца меѓу себе реплицираат.

**АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:**

Ви благодарам.

Тогаш ќе го искористам правото на збор во врска со информацијата дека биле поканети градоначалниците на општините спомнати во проектот.

Пред неколку дена контактирав со градоначалниците на Џепчиште, Желино и Теарце и тие воопшто немаат примено покана да учествуваат на состанокот на Комисијата за транспорт, врски и екологија. Сакав да ја дадам таа информација.

Вистина е дека биле консултирани, доставени забелешки до предлагачот. Некои од забелешките биле прифатени, некои одбиени. Забелешката што јас ја дадов пред малку за реката Пороj не е земена предвид и постои една Програма во општина Џепчиште каде се предвидени активностите што треба да се преземат за да се отстрани ерозијата во зона.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Тромбев, ќе ги комплицираме работите уште повеќе. Веќе се разјаснивме дали имало или немало покани и јавни расправи. Да не избегаме од темата, а расправавме по текстот на Законот. Ова е расправа по процедурата како се работело во Владата. Ве молам, сосема ќе ја изместиме расправата.

Господине Дика, баравте реплика?

(Одговорот е: Не, барам збор)

Ќе почекате за збор.

Има збор госпоѓата Соња Лепиткова.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Јас како заменик член на Комисијата за транспорт, врски и екологија имав таква привилегија да присуствувам на расправата при донесувањето на Предлогот на просторниот план и едносавно овде да укажам дека како човек кој работи на овие проблеми навистина пред Комисијата во една јавна дебата и расправа имавме прилика да добиеме еднас европска презентација на Предлог просторен план на заштитните зони на изворот Рашче. Така се работи насекаде во Европа, нормално, земајќи предвид дека се поминати сите претходни фази во разгледување на еден така важен и значаен документ.

Не мислев да се јавам за дискусија, затоа што своите согледувања и своите мислења ги кажав на Комисијата за транспорт, врски и екологија и тие како такви влегоа, нормално, се согласив со сето она што Комисијата го донесе како заклучок на својата седница. Меѓутоа, овде пред сите пратеници сакам да укажам и пред се' да ја разјасним дилемата која што постои, а гледам дека постои просторниот план  околу заштитните зони на изворот Рашче, треба да сфатиме дека се донесува само поради тоа што граѓаните на градот Скопје и сите оние населени места кои треба да се снабдат со чиста пијачка вода ја имаат привилегијата да се најдат во тој простор како таков и нормално сега по тој просторен план да слушаме дискусии како треба да се уредат. Главната причина за тоа е само да се обезбеди начин граѓаните на Скопје, на нашиот главен град да имаат таква шанса, во иднина, да се снабдуваат со пијачка, чиста водса, изворска вода и сугурно сите мерки кои треба понатаму да ги преземеме, за да можеме тоа да го овозможиме.

Да појаснам само и тоа дека заштитните зони околу објектите за водоснабдување на населението на градовите, без оглед дали станува збор за вода од карактер како што е водата на изворот Рашче, од подземни води, дали се тоа површински или акумулациони води, се одредени со Правилникот за заштитни зони, за нивно ограничување и тн.,  и од тој аспект на ова прашање му е посветено толкаво внимание колку што е посветено и ние во Парламентот како такво го имаме уредено.

Меѓутоа, би сакал во овој момент да укажам пред се' на два значајни фундаментални елементи.

Скопје како урбана средина, како главен град во Република Македонија, се стреми да ги достигне стандардите на живеење на сите европски метрополи и нормално како еден град во Југоисточна Европа, кој што има привилегија да се снабдува со изворска вода, треба да правиме се' и во иднина да тежнееме таа привилегија и понатаму како таква да ја остварува и да ја користи. Меѓутоа, во овој момент, според мене, многу дискутабилна е примената на тој Правилник од аспект на тоа што веќе во заштитните зони има релативно голема популација со различно ниво на култури и социјални елементи и со тенденција таа популација во иднина како таква да се зголемува. Во иднина, мислам дека и надлежните луѓе од Министерството за екологија и другите министерства, кои задираат во решавање на овој проблем, секако, треба да обрнат внимание на овие елементи и секако и градот Скопје треба да прави своја нова стратегија, како би нашол можеби алтернативни извори за водоснабдување, бидејќи, поаѓајќи од нашите навики на живеење и слушајќи ги овие дискусии, сепак тежината на проблемот не ја насочуваме таму каде што треба да биде, а тоа е граѓаните на Скопје и граѓаните на другите градови треба да ја имаат таа привилегија да се снабдуваат со таква вода, па нека размислуваме и како другите европски градови во тој правец дека можеби во блиска иднина ќе треба да се снабдуваме рсо водас од фабрики за полнење на вода, земајќи предвид што се' треба да финансираме и колку многу треба да го уредуваме тој просторен план, со сите аспекти на културно живеење, на традиции и се' она што претставува сегмент на населението кое живее во тој простор.

Од тој аспект, само сакам да укажам на надлежните луѓе од Владата, според мене, од сите оние приоритети кои се дадени овде можеби најкруцијално и најголемо значење треба да има влијанието на едукацијата и образованието на населението преку различни мерки на едукација на тоа население што значи кога на едно друго население од друг регион треба да му овозможиме да се снабди со квалитетна пијачка вода, а тоа не е така мало население, односно тоа е една третина или една четвртина од населението на Република Македонија, населението на главниот град. Затоа, многу е важно преку системот на едукација и образование на младите генерации да укажеме и да го втемелиме во нивната свест значењето на ова нешто и потребата од промена на нашето однесување во животната средина, имајќи го предвид фактот дека немаме голема животна средина и немаме така голем простор, со кој можеме да се однесуваме како сакаме.

Во овој на реализација на потребните активности во заштитните зони на изворот Рашче од првостепено значење, според мене, ќе биде сегментот на едукацијата на младите, а секако и на постарите во поглед на важноста на реализацијата на

предвидените активности. Од големо значење ќе зависи и успехот на оваа голема и сложенаа операција, имајќи ги предвид сите предизвизци кои моажат да се појават во делто на реализацијата на активностите, ако се земе предвид фактот дека заштитните зони не се празни простори. Тоа се докажува дека не се празни простори и допрва во нив ќе треба плански да се врши унапредување на просторот, од сегментот на образованието и многу честата едукација на младите, но и постарите, преку едуциран систем на предавање, тренинзи, семинари, трибини и секако во сегментот на основното и средното образование можеме да размислуваме за воведување предмет кој треба да влијае на подигнување на свесноста на нашето население.

Во целина го прифаќам Предлог просторинот план и сметам дека е направен на едно многу високо професионално ниво, затоа што овде се вклучени експерти од сите струки. Јас сметам дека овде Македонија постигна многу, затоа што сите луѓе кои работеа на Предлог просторниот план се луѓе од нашата држава, експерти од многу области, кои успеаја да направат еден ваков просторен план и сметам дека тоа што го кажа претседателот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, да го донесеме заклучокот и понатаму навистина да работиме на примена на овој просторен план, меѓутоа, пред се, да размислуваме дека е донесен само заради тоа на граѓаните на Скопје да им овозможи да се снабдат со чиста пијачка вода и тоа треба да им го овозможиме како такво.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Целта е благородна, да се обезбедат предуслови за здрава питка вода. Нормално, Скопје е многу значајна област за Република Македонија,, но тоа не значи дека за максимално филтрирање и прочистување на водата треба цела Македонија да се стави под карантин. Мислам дека граѓаните на Скопје и на селата Џепчиште и Радуша се еднакви и не треба да се стават во карантин. Оваа логика не би ја прифатил и затоа цело време моите забелешки се дека во Џепчиште се преддвидува економско земјоделски развој во рамките на планот, а се работи за изворот Рашче. Има многу експерти, меѓутоа и јас имам право да бидам скептичен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Липиткова има една минута реплика.

СОЊА ЛИПИТКОВА:

Мислам дека не бев доволно разбрана. Јас сакав да кажам дека овие заштитни зони и овој просторен план се донесуваат за да ги заштитат градот Скпоје и изворот

Рашче, за да може градот Скопје и граѓаните на Скопје да се снабдат со чиста вода за пиење, бидејќи кога тоа не би било така, останатите региони не би биле третирани како заштитни зони и тие би се третирале како и сите останати региони на територија на Република Македонија. Тоа што ја имаат таа привилегија да се внесат во овој просторен план, затоа што влегуваат во заштитните сони е нешто друго и треба да се работи на тоа. Меѓутоа, тоа е суштинското преашање за донесување на овој просторен план.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Пожчтуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Нема да повторувам за огромната важност на просторниот план на изворот Рашче и се што нуди Просторниот план за вкупниот развој на регионот. Само ќе го кажам фактот дека изворот Рашче снабдува со вода за пиење 5450000 жители. Значи, овој природен ресурс не припаѓа само на локалното население од регионот.

Кога ќе сакам да се осврнам на реализацијата на планот. Кога и на секој плански документ, реализација на планот е најважната работа, за да не остане само на хартија.

Во овој просторен план се дефинирани приоритетите и етапноста во реализацијата на активностите, надлежните инсституции за реализација и креирање на планови за реализација на планот.

Фактот дека овие простори беа директно нападнати од воени дејствија, овој витален ресурс го дефинира како стратешки интерес за Скопје и државата. Основен предуслов за реализација на просторниот план претставува обезбедување на просторот од страна, пред се на Миистерството за внатрешни работи и други институции.

Идто така, владеењето на правото и правната држава на овие простори е битен предуслов за успешна реализација на планот и максимална мобилизација на сите надлежни институции во реализацијата на Планот, бидејќи претставува долгорочен план за вклучување на сите институции и локалното население.

Важен квалитет на овој просторен план е во активностите, вклучување на локалното население, за што посебна забелешка имаше господинот Замир Дика.

Демографските планирања и демографскиот развој се составен дел на сите просторни и урбанистички планови, така што не ми е јасно неговото инсистиреање на тој елемент од Планот.

Еден од следните идни приоритети на Владата треба да претставува подготовка на законот за заштита на водите на Рашче, кој ќе ги дефинира правните инструменти за дејствување во сферата на правото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Андреј Жерновски.

(Некој од пратениците бара реплика)

Јас ќе ви дадам реплика, меѓутоа, имам впечаток дека репликите почнуваат да стануваат начин на дебата по законот. Реплика има ако нешто претходно наведено е погрешно, или ако генерално не се согласувате со тоа што зборува некој, вие ќе треба да барате реплика после секој пратеник од позицијата.

Повелете господине Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани колеги пратеници,

Просториот план на прв поглед покажува дека се работи за просторен план кој предвидува развој на областа за која е предвиден овој Просторен план. Меѓутоа, после неколку дискусии на колегите пред мене, произлегува дека овој просторен план има сосема друга задница, можеби и политичка, затоа што неколку пати беше спомната и војната, беше спомненато и значењето од ставање под контрола на изворот Рашче. Токму поради тоа имаме право да се сомневаме во намерата на донесувањето на овој Просторен план и би ве замолил уште еднаш овој Просторен план да се пренесе на пониско ниво, на ниво на локална самоуправа, со цел жителите на тие села и на тие подрачја да го дадат главниот збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Веднаш на самиот почеток би сакал да напоменам дека, по разгледувањето на материјалот кој што пристигна од Министерството за животна средина и просторно планирање, мора да се констатира дека тој заслучува мошне висока оценка, бидејќи навистина е квалитетно изрботен.

Се разбира, квалитетното и ефикасно задоволување на потребите од вода во градот Скопје како полилтички, културен и стопански центар на нашата Република, е еден од најважните предуслови за обезбедување на современиот стандард на животот.

Досегашниот степен на истраженост дава доволно податоци за потеклото на водите на изворот Рашче. По извршените пресметување и процени се доаѓа до сознание дека во механизмот на хранењето на Жеденската подземна акумулација учествуваат.

- Врнежите од Жеден, со 22%
- Површинските води (од Вардар), со понирање со 10-20%
- Филтрирана вода од слободната Полошка издан, со 40-50%
- Актерска вода, со учество до 10%.

Во рамките на дискусијата која се развива поради заштита на водите на изворот Рашче во 1990 година врз основа на "Експертиза за определување на зоните за заштита на изворот Рашче" беше донесена Одлука за утврдување на границите на заштитните зони, со определување на мерки за заштита од страна на Република Македонија во која де дефинирани границите на заштитните зони и дозволени активности.

- Потесна заштитна зона или зона на строг санитарен надзор
- Прва поширока заштитна зона или зона на санитарно ограничување
- Втора поширока заштитна зона или зона на хигиено-епидемиолошки ограничувања и следење
- Трета поширока заштитна зона или зона на хигиено епидемиолошки набљудувања

Зонирањето секако е извршено и тоа заслужува пофалба и да не испадне дека ние секогаш зборуваме контра претходната Влада,јас тука би ја пофалил. Таа е извршена според воспоставените принципи кои ги одразуваат природните услови и тоа:

- Генезата и приротниот модел на комплексните геолошки, хидрогеолошки, сеизмо-тектонски и други формации.

- Исто така, водено е сметка за спецификата на масивот Жеден кој се одлиукува со висок степен на карстификација и брзо инфилтрирање на површнските и подземните води.

- Специфичноста на хранењето на уникатниот извор Рашче кој не може да се вклопи во моделот на класичните изворишта.

- И посебната улога на водите од Долен Полог и неговата нераздвојна функција со Жеденскиот масив како и индиректните влијанија на водите од Горен Полог, Мавровскиот хидросистем и Шарските води.

Во определувањето на зоните значајно место треба да имаат влијанијата од урбаните системи кои се манифестираат преку загадувањата што произлегуваат од градските и селските населби, индустриските и агроиндустриските технологии и други загадувачи.

Со сигурност може да се заклучи дека сите овие принципи се запазени при определувањето на заштитните зони, од она што можевме да го слушнеме од излагањето на министерот.

Ова нешто го потврдува проширувањето на втората заштитна зона и заштитниот коридор околу доводните цевоводи до влезот на градот, со што ќе се избегнат било какви несакани појави во рамките на целокупната заштита.

Како што кажаа претходните колеги, не треба да се испушти податокот дека Рашче има извонреден квалитет од секоја гледна точка, а изворот слободно може да се окарактеризира како вистинско богатство на градот, односно на државата.

Сепак, како придонес за зачувување на квалитетот, стабилноста и издашноста на изворот Рашче, би сакал да дадам и свои конкретни предлози, кои во иднина надлежното Министерство би можело да ги земе предвид.

Прво, би сугерирал да се провери исправноста и ефикасност на мрежата на поставените пиезометри во Жеденскиот масив која мрежа е неопходна за утврдување на присуството на шестовалентниот хром во долните слоеви на Жеденската акумулација. Анализата сигурно ќе покаже дека е повеќе од потребно промпно поставување на нови пиезометри.

Исто така, треба да се продолжи, би инсистирал на некој начин со истражување на потегот меѓу с.Јагуновце и с.Радуша за понирање на водите од реката Вардар до Жеденската акумулација.

Понатаму, треба да се напомене дека поради силната испуканост на серпентинскиот масив Радуша, постои континуирана функционално поврзана подземна акумулација под масивот. Оттаму потребни се дополнителни истражувања за поврзаноста на спомenатата акумулација со Жеденската акумулација.

Се разбира, за реализација на просторниот план очигледна е неопходноста од изработка на мултидисциплинарни и научно стручни студии кои би ја третирале следнава проблематика.

- Понатамошно и поинтензивно истражување на условите што влијаат на издашноста, стабилноста и квалитетот на водите на изворот;

- Понатаму, се разбира, потребно е понатамошно и поинтензивно истражување на влијанијата од соодветните загадувачи на квалитетот на водите. Тука морам да потсетам на бегалската криза. Нам не смее да ни се случи камповите да ги инсталираме во непосредна близина на Рашче. Да бидеме реални, Јавното претпријатие 'Водовод” во тој момент интервенираше и го зголеми хлорирањето на водата, бидејќи беше нарушен составот на водата за пиење во овој регион, односно во градот Скопје.

- Понатаму, рационално користење на водите во сливот и на изворот и воопшто едно рационално користење на водите, бидејќи беше зборувано за тоа какво богатство денес претставува свежа и питка вода. За жал во Република Македонија водата од Рашче сеуште се користи како технолошка вода, значи се користи за миење на улиците, се користи за полевање, дури се користи и во индустријата.

- Се разбира, интегрална заштита на водите во сливот на изворот и мошне битно обезбедување на механизми, одбранбени средства и методи за заштита на квалитетот на водата од изворот на непрдијателски дејства.

Со потенцирање на ставот дека за целосно имплементирање на предложениот Просторен план потребно е неговите содржини и мерки во најкраток рок да се дефинираат со посебен закон за заштита на изворот Рашче и дека за такво нешто треба да се ангажираат сите релевантни институции во државата, Пратеничката група на Либерално-демократската партија ќе гласа за усвојување на Предлог-просторниот план на регионот на заштните зони на изворот Рашче.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на Просторниот план го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пртеници, за гласале 55 и 8 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Просторниот план на регионот за заштитните зони на изворот Рашче.

Дали има претставник од Министерството за земјоделие? (Има)

Се враќаме на точка 11.

Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за фитосанитарна соработка, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон, Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претртес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Се извинувам.

Заклучокот од Комисијата за транспорт и екологија го заборавивме. Јас се извинувам за ова. Се работи за точка 19 за донесување на Просторниот план имаме предлог од Комисијата.

По повод донесувањето на Просторниот план на регионот за заштитните води на изворот Рашче Комисијата  за транспорт, врски и екологија предлага Собранието да го усвои следниот заклучок:

Собранието на Република Македонија укажува на потребата  Владата на Република Македонија во најкус можен рок да изготви закон за заштита на изворот Рашче, а преку надлежни органи на државна управа да обезбеди систематско следење на спроведување и остварување на предвидените интереси и цели со планот.

Овој заклучок да се достави до Владата и до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Предложениот заклучок од Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 53 за, воздржани 3 и против 6.

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Продолжуваме со работа по точката 11 -  Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за фитосанитарна соработка, со Предлог на закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за рартификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за фитосанитарна соработка.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 за и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 60 за и 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 59 за и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за фитосанитарна соработка.

Минуваме на точка 13 - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во полето на здравството и медицината меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувм претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка во полето на здравството и медицината меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 62 за и 2 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претрсе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

(Гласале 60 пратеници).

Ги молам службите да утврдат колку пратеници има во салата.

Има 63 пртеници, гласале 60, за гласале 58, 2 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласаа 62 пратеници, 60 за и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за соработка во полето на здравството и медицината меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.

Минуваме на точка 14 - Предлог за донесување на закон за ратифкација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравствената заштита на животните и карантин, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Законодавно-правната комисија Ви се доставени.

Отворам претртес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донсување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка во полето на здравствената заштита на животните и карантин.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 61 за и 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 за и 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација  на Договорор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за соработка на полето на здравзствената заштита на животните и карантин.

Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за ратификација за измени на Протокол Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ртификација за измени на Протокол Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Ве молам да гласаме.

(Гласале 60 пратеници)

Ве молам да утврдиме број на присутни во салата.

Присутни се 68 пратеници, од кои гласале 60 и тоа 59 за и 1 воздржан.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 66 гласале за.

Констатирам дека предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот е усвоен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 64 за и 1 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација за измени на Протокол Б од Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Бугарија.

Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за културното наследство.

Педлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Господинот Коста Прешоски, но момент, збор бара заменикот министер за култура, има предност.

Има збор заменикот министер за култура г-ѓа Мелпомени Корнети.

МЕЛПОМЕНИ КОРНЕТИ:

Почитуван претседател, почиувани пратеници,

Пред Вас е еден значаен, обемен и сложен законски проект, несомнено еден од покомплексните од областа на културата што Владата му го предлага на Собранието. Поради тоа ќе се обидам и би дала образложение, се разбира концизно. Значењето на овој закон се базира на фактот дека културното наследство, пред се, не ни припаѓа само нам на граѓаните на Република Македонија, туку тоа е дел од заедничкото културно наследство на целокупната меѓународна заедница и уште повеќе на нашите идни поколенија.

Една од основните причини поради која се предлага донесување нов закон за културното наследство е застареноста на законот за заштита на спомениците на културата донесен 1973 година, неговата неусогласеност со Уставот, со Законот за култура кој со прописите за урбанизмот и градежништвото  и за инвестициона изградба што придонесува кон  постоење на различни модели на заштита дијаметрално спротивни, спротивставени.

Причина  поради која треба да се донесе новиот закон за културното наследство и потребата од усогласување на предметната регулатива со меѓународните стандарди и нормативи за заштита содржани во ратификуваните меѓународни договори како и утврдување на официјалната терминологија со правно значење на одредени законски изрази.

Имајќи ја предвид постојната нормативна состојба и последиците што произлегуваат неминовна е потребата од етаблирање на единствен национален  модел на заштита на културното наследство.

Со Предлогот за донесување на законот значи на текстот кој е пред нас, се утврдуваат видовите, идентификацијата и начинот на ставање под заштита на културното наследство, правата и должностите на имателите и ограничувањето на правото на сопственост на културното наследство  од јавен интерес, режимот на заштита и користење на културното наследство, потоа организацијата, координацијата и надзорот, стручните звања и други прашања што се од значење за единството и функционирањето на системот на заштита на културното наследство на Република Македонија.

Сосема концизно кон ова образложение да додадам дека Предлогот за донесување на Законот за културно наследство е подготвен во соработка со домашни, странски и стручни научни кадри од областа на заштитата на културното наследство.

При неговата изработка соодветно се вградени обврските што произлегуваат од меѓународните документи, респектирани се современите протектолошки стандарди.

Согледувањето на односите на предложениот начин се создава неопходната правна рамка за оживотворување на уставната концепција за заштита на добрата од културно историско значење, па оттаму Владата му предлага на Собранието да го усвои Предлогот за донсување на Ззкон за културното наследство. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, сега има збор господинот Коста Прешоски.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, дами и господа пратеници,

Уставна основа за донесување на овој закон, покрај членовите дадени во образложението на Предлогот за донесување на закон за културно наследство е и делот од преамбулата, кој, еве, ќе го цитирам: “Граѓаните на Република Македонија се одговорни пред идните генерации за зачувување и развој на се што е вредно од богатото културно наследство”. Будехќи во прашање е сложен, обемен и по мое мислење квалитетно изработен предлог за донесување на закон, кој на предлог на матичната собраниска комисија ќе се носи во повеќе фази, дозволете накратко да се произнесам за некои мои согледувања за причините за донесување на законот.

Во оваа фаза на предлог за донесување на законот нема да се задржам на содржината на законот и на односите што се уредуваат со него, ниту пак на начинот на кој се предлага нивното уредување. Сите сме свесни на кој начин се гради една држава и дека еден од основните елементи за опстанокот на една држава се културните вредности што таа ги остава зад себе, ги создава, ги негува, ги чува, ги пренесува, ги презентира и му ги подарува на светот.

Несомнена е дарбата за творењето на овој народ кој создава и ќе создава генијални високовредни творби. Но, од друга страна имам впечаток како воопшто да не знаеме да се грижиме за тие вредности. Затоа, мораме да го промениме односот за културните творби и нивните творци.

Односот на нашите граѓани кон културното богатство е минимално или никакво. Постојат луѓе кои живеат до културните споменици и нив ги валкаат или ги уништуваат.

Немајќи чувство кон нив и незнаејќи за што станува збор, тие не ги чувствуваат за споменици блиски до нив. Затоа, добро е што денеска го имаме овој закон т.е. сфативме дека мораме да се заинтересираме за оваа проблематика. Бидејќи, иако економски сме сиромашни, но во делот на културното наследство сме мошне богати.

Со законот се создава визија и сполтување на сите иницијативи од оваа област што сме ги имале во минатото, т.е. се става некаков ред за единствена акција на овој план.

Дозволете како крушевчанец да се произнесам накратко за дел од културното наследство со кое располага Крушево, при што дојдов до шокантни сознанија за состојбата во која тоа се наоѓа и тоа на прагот во годината на одбележувањето на 100 години од Илинденското востание, чиј врв на прославата ќе биде за седум месеци, т.е. на 2 август 2003 година. Сознанијата што ќе ги презентирам е порака до соодветните институции за брза и соодветна интервенција. Така на пример, имаме континуирано губење на крушевските куќи кои беа прогласени за споменици на културата, поради негрижа за нивна заштита. Дел од нив во последно време се во фаза на распаѓање. Споменикот Илинден може да се третира како културно наследство во опасност поради забрзано пропаѓање на материјалот од кој е направен. Керамопластиката што се наоѓа пред тој споменик изработен од Петар Мазев е во катастрофална состојба. Сериозни проблеми имаме на просторот и на природната околина на месноста Мечкин Камен , поради неконтролирано и бесрамно сечење на шумата, особено во последната година. Галеријата на Никола Мартиновски, која е сместена во куќа од 19 век во моментот е во лоша состојба, целата протекува, со што може да дојде и до нејзино уништување. Леарницата за муниција од 1903 година е започната да се реконструира во 1997 година. Републичкиот завод за заштита на спомениците до сега на овој објект работел два-три пати, но никогаш не е завршена. Иконостасот во црквата Свети Јован е еден од најиубавите во Македонија, треба да се заштити со фумигација против црвојадина. И покрај многубројните укажувања, Републичкиот завод за заштита на спомениците не ја направи таа заштита. Околу Крушево се евидентирани неколку археолошки локалитети, при што досега нема никаква работа на овој план. Но, голем е бројот на лица што вршат археолошки ископувања, таканаречени спортиски со обични лопати, казми и бизнисмени со метал детектори, со цел да дојдат до некакво културно богатство. На крајот, имаме целосно запуштен меморијален комплекс на гробот на Питу Гули на Партизанските гробишта.

На крајот, дозволете да се обратам до Владата на Република Македонија, посебно до заменик министерот за култура, а во функција да елаборирам проблем односно да

испратам порака што треба да предизвика интерес и на поширокатa јавност по повод претстојното одбележување на 100 годишнината од Илинденското Востание.

Публицистот и учесникот од Илиненското Востание Никола Киров Мајски на Историскиот музеј во Крушево му подарил 10 тома свои ракописи. Крушево и неговата борба за слобода. Од огромно културно историско значење, досега користени од наши научници, но никогаш необјавени. Мајски потврдува дека Церешовото топче е едно од трите направени во 1903 година. Знамето на Крушевската чета се наоѓаат во Музејот во Истанбул. Истото го потврдува и професорот на Воената академија во Скопје д-р Ванчо Стојчев.

Предлагам, а поводот е 100 години од Илинден да се ангажираат сите релевантни институции во Владата, враќање на топчето и знамето на извориштето на нашата епопеја од 1903 година  и сместување на истите во Историскиот музеј во Крушево.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на господинот Прешовски.

Збор има госпоѓата Елеонора Петрова.

ЕЛЕОНОРА ПЕТРОВА:

Благодарам почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

И покрај тоа што го добивте извештајот од седницата на Комисијата за култура, каде што беше потцртано значењето за донесување на законот за културно наследство, сепак, сметам дека значењето на овој закон бара да се кажат уште неколку збора.

Поаѓајќи од значењето, заштитата и воопшто третманот на добрата од културна и историска вредност за Република Македонија за сите заедници во Република Македонија, но и за Европската и за Светската заедница од една страна, а од друга страна имајќи ја предвид неусогласеноста на правниот режим на нивна заштита со принципите на новиот општествено-политички систем во Република Македонија и нејзината современа меѓународна ориентација, како и поновите согледувања и меѓународните искуства од оваа област, се наметнува како неопходност донесување нов закон што би ја регулирал оваа материја.

Од тука, Комисијата за култура на Собранието на Република Македонија темелно пристапи кон разгледувањето на предлогот доставен од Владата на Република Македонија како овластен предлагач. Во обемната и содржински богата дискусија беа изнесени повеќе предлози и мислења, сугестии и забелешки поконкретно наведени  во

извештајот на оваа комисија, кој што им е доставен на пратениците. Тие во основа се однесуваат на систематиката, обемноста и концепцијата на законот, организацијата и надлежностите на сите субјекти во заштитата, на терминологијата и на други работи. Поради тоа што се работи за исклучително значаен, обемен и сложен закон кој предлага воведување на нови основи, институти и организација на заштита, а имајќи ги предвид дискусиите во комисијата, но и поширокиот интерес не само на стручната јавност, туку воопшто на граѓаните околу заштитата на ова благо, како аманет на минатото и наш залог за иднината, Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го претресе и да го усвои Предлогот за донесување на законот, а во едно Комисијата му предлага на Собранието постапката на донесување на законот да се оствари во три фази, односно Собранието со заклучок да го задолжи предлагачот да изработи Нацрт-закон за кој потоа би се спровела и јавна расправа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Гајур Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Благодарам господине претседателе, господа пратеници, ценети членови на Владата.

Од самото образложение на донесувањето на овој закон на заменикот министер за култура, се гледа дека Македонија скоро 30 години ваков закон немала или се служела со некои други закони, ама сепак, време беше овој закон да се донесе. Добро е тоа што Владата смогна сили да го донесе овој закон. А, зошто ова го велам? Затоа што, се прават многу недобри и нелични работи во врска со нашето културно наследство. Само ќе спомнам еден или два -три вакви примери.

Едниот пример е, замислете од 1996 година, почната е работата околу реновирањето на Камениот мост, за да на крајот на 2002 година, наместо Камениот мост да биде завршен со реновирање, се руши стражарникот од субјективни причини, што е недолично однесување и на стручните лица.

Уште еден пример ќе спомнам околу двориштетот на Шарената џамија,надвор од двориштето на Шарената џамија се руши исто така зид кој е со закон заштитен.

Уште еден еклатантен пример од оваа сфера, а тоа е, замислете, се држат промоции во верски објекти. Значи прават пропаганда и реклами на одредени артикли во

верски објекти, што и ова е недолично. Но, мислам со донесувањето на овој закон, не велам дека се тоа ќе се преброди, меѓутоа, барем нешто ќе ачуваме од ова и во иднина не верувам дека вакви еклатантни примери ќе најдеме во Македонија. Зашто, сепак, ова е наше заедничко благо што некој го оставил, за да и ние во подобра состојба им го оставиме нашите потомци.

Благодарам господине претседател.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Сарач.

Збор има господинот Ејуп Рустеми.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Тргнувајќи од фактот дека овој предлог-закон треба да се разгледува на еден вистински начин, во мојата дискусија ќе се задржам на некои аспекти, кои што сметам дека предлагачот на законот неопходно требало да му посвети поголемо внимание.

На почетокот би го кажал фактот дека овој закон од сферата на културата, иако не е во рамките на законите што треба да произлегуваат од Охридскиот договор според својата содржина речиси дека непосредно не сполтува со политичкиот дух на договорот што ние го сметаме овој закон како основа врз кој ќе се менаџираат решавањата на проблемите и меѓуетничките односи и интеркултурните односи, нејзиниот дух, како политичкиот, така и консензуалниот во донесувањето на одлуките треба да практикуваме и во случаи кои речиси се ограничени со оваа спогодба. Тоа е обврска како за граѓаните во Република Македонија, така и за предлагачот на овој закон да се почитуваат премисите на овој амандман, во кој, меѓу другото, се вели дека граѓаните се одговорни пред идните генерации за зачувување и развојот на сето она што е вредно од наследството, богатото наследство и соживотот во Македонија. Ова го нагласив заради разгледување на законот да искажам неколку сериозни наши забелешки, колкав напор направил предлагачот за овој закон да ги конкретизира и да ги операционализира овие уставни одговорности што ги има овој амандман и неколку уставни одредби, кои што се основа за донесување на овој закон.

Во случајов, ние сакаме предлагачот на овој закон да ги земе предвид со внимание овие наши забелешки на начин кога ќе се процедира за усвојување член по член на овој

закон или за надополнување на предлогот по општото разгледување, да ги инкорпорира во својата содржина.

Ншите забелешки за да ги имаме овие забелешки во однос на ова општо разгледување се тргнува од многу реални констатации за ситуацијата во врска со историското наследство на албанците во Македонија и кои се однесуваат со вреднувањето дека токму ова наследство во текот на изминатиот режим, не само што не беше заштитено правно, туку имаше и уништување речиси тотално во сите димензии кои што ги опфаќа ова богатство. Ова не го велиме сега за да го проблематизираме овој проблем, но го нарекуваме поплодотворно од сега, па натаму. Значи од донесувањето на овој закон во рамките на заштитата на наследството што го нуди овој концепт, да се земе предвид и заштитата на сите аспекти на културното наследство на заедниците кои живеат во Македонија.

Практиката на претходните закони, но и овој предлог-зако, ова наследство да се спомнува во текстот, само заради да се спомне, не би требало да продолжи вака. Разбирливо е, доколку се концептира овој закон токму во светлината на нашите забелешки, ќе биде многу поцелосен во содржината, многу позначаен во неговото остварување за целовитоста на културите што ги има во Македонија и за подобрувањето како наследство, заедничко наследство во земјата и како наследство, како европско наследство. Како што се третира и во европските конвенции во врска со оваа проблематика. Ние, затоа, во делот на процедурата на законот ќе навлеземе со неколку конкретни предлози во форма на амандмани, но во ова општо разгледување во врска со предлагачот на законот, ние на предлагачот му даваме некои сознанија дека треба да се земат предвид нашите оценки и констатации. Останува да се направи едно поголемо ангажирање за да се воспостави соработка поконкретна на Министерството за култура и со институции и со претставници на цивилната власт на албанското население во однос што ќе биде од полза на законот. Според нашата констатација можат да се инкорпорираат нашите забелешки кои што ќе произлезат од општата расправа и со тоа може да се промовира пореално една неопходна соработка во реализирањето на овој закон.

Ние очекуваме, со донесувањето на овој закон политикиот дух, неговиот импакт позитивен и во другите области на културата, кои што не се опфатени во неговите рамки, да се рефлектираат и во содржината на овој закон, поради тоа што ние сметаме дека харороминизираните меѓиетнички односи културни, можат да се стабилизираат како дел на општата граѓанска култура и демократска на граѓаните на Македонија, само доколку се

создаде основата на почитувањето на заштитата и развојот и нивното институционално развивање.

Јас конкретно, спогодбата од Охрид ја разбирам, ја подразбирам како креативна и затоа малку е загрижуѕвачки фактот како оваа спогодба многумина се обидуваат да ја оценат како административен текст, без супстанца, без основа за конкретно решавање , што произлегуваат од динамиката на разните соодноси, меѓуетнички соодноси. Токму во рамките на овој рамковен договор, се дадени и премисите дека заштитата и развојот на идентитетот, на културниот и националниот идентитет треба да тргне и од заштитата на богатството и наследството, како и за создавање на предуслови ова наследство и неговото збогатување со нови вредности во ова време и понатаму , да не биде само едно општо фосилизирано наследство, туку да биде тоа што активизира и ресурси за културен просперитет, туристички, економски и друг.

Според концептот кој што е формулиран сега во овој Предлог-закон, ова ќе биде вистинска проба на Министерството за култура за да се потврди колку сака да ги разбере позитивно рефлектирањата, ккултурните на Охридскиот договор на интеркултурните односи. Ние особено сметаме дека односите што ги третираме, што ќе не доведат во состојба со овој закон за културното наследство во нашиот конкретен случај албанците, во основа меѓу етничките односи, културните односи, да се издигнат на едно демократско ниво на нашите граѓани. Бидејќи, реципрочното почитување на идентитетите на заедниците не треба да се остави за еднократно третирање и идеалилзирани. Нашите грижи во овој случај произлегуваат од актуелната состојба на неинституционалното вклучување на културното наследство во минатото и на проблемите што ги создаде ова невклучуање и поради неинтересирањето на Министерството за култура, претходниот период создаде проблеми кои треба да се третираат сериозно со поголемо внимание со овој закон и во н еговиот дух и во неговото реализирање. Проблемите што се од различни природи, затоа и состојбите на ова наше културно наследство е на катастрофален начин во секј аспект и ќе треба многу време за елаборирање во ова општо разгледување кое што се разибра не и е место и за дебати надвор од политиката.

Јас во случајов накратко ќе спомнам дека би било многу полезно на оваа проблематика Министерството за култура да му пријде со поголема сериозност и во коперација и соработка со професионалните кадри албански, заштитата на ова наследство да биде пореално и да биде под државно правна заштита, поради инструментите кои што ги предлага овој закон, збогатено и со нашите забелешки.

Исто така, голем дел од културното наследство на албанците во Македонија, кои што постојаните закони биле отстранети од културна и историска димензија, со овој

закон, со неговото остварување треба да котираат на културен начин и да излезе како се предвидува во овој закон, односно во духот на овој закон.

Листата на овој закон е многу голема и затоа ние не претендираме да ве заморуваме во овој случај го имаме предвид и фактот дека едно детално прикажување на оваа проблематика јас ќе му го предложам на Министерството за култура како помош, Министерството да му посвети поголемо внимание на овие загрозувачки проблеми за заедницата на која што и припаѓам. Ќе спомнам само еден случај, за да биде многу појасно на сите овдека, а овој случај е: во реорганизацијата на институциите за заштита на културнитеј споменици што се предвидуваат со влегување во сила на овој закон се предвидуваат соsдавања на конзервативни центри, кои што не ја покриваат целата територија на Македонија, туку само онаа територија каде што живее во мнозинство Македонското население. Целосно ќе кажам без покривање на овие центри Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар и Куманово. Разбирливо е и познато е дека кај овие средини има наследство, културно и историско. Во духот на овој закон што е разбирливо и се вели дека овој закон важи за целата територија, како што е разбирливо дека и богатството на наследството во овие средини каде што се реални мултиетнички, се дел од вкупното културно наследство на Македонија и со тоа има дел каде што претендираме да станеме еден ден. Овој недостаток од друга стсрана може да биде како пречка и кај други закони предвидени со Охридскиот договор, особено децентрализација на компетенциите на општинско ниво, особено на ефективното,  во секој случај за културното наследство и се она што го опфаќа овој закон.

Токму во оваа област, културното наследство на овие средини кои што ги спомнав претходно, фактички, останува заштитена формално на правен начин, не спомнувајќи на пример другите позитивни ефекти што ќе ги создаде покривањето институционално за заштитата на ова наследство на планот на создавањето на нови работни места, на планот на развојот на туризмот, на економијата, на создавањето на нови вредности и друго. Токму затоа, кога станува збор околу културното наследство на албанската заедница, тоа е една погрешна практика која беше досега и која за жал, повторно се претендира да се продолжи и во овој закон, кога во националниот совет за културното наследство се претставува ссамо еден член на исламската заедница во Македонија. Како претставник на религиозниот идентитет на нашата заедница и со ова да се разбере дека Законот го заштитува концесионалнот идентитет на ова население. Додека во структурата на овој совет во алинеја 5 и член 6 на овој предлог закон, не била практика и се предвидува да се именуваат личности верифицирани од областа на заштитата на културното наследство од албанската заедница или соодветни институции на оваа

заедница, како што се на пример катедрата по албанологија, која што постои во оваа земја, или пак друштвата кои што работат во рамките на оваа средина.

Ова го велиме од причина што сите тие пропусти околу овој закон и она што ги генерирала практиката во однос на такви закони во оваа област произлегуваат од некооперацијата, неупотребата, или пак приклучувањето на експерти во оваа работа од албанската заедница во развојот на секој соодветен сектор во рамките на ова министерство, без да се спомне исто така катастрофалниот фактор дека структурата на ресурсите и професионално кои што работат во ова Министерство, имаме или немаме само дваица тројца албанци. Недостатоци се направени во претходниот период, особено врз основа на законот и затоа бараме да се изнајдат инструменти и нови гаранции да се инкорпорираат во овој закон врз основа на сензибилитетот на јавноста, врз основа на наследството и неговите вредности за нашето општетсво, мултиетничко и овдека да се создадат основи за доближување интеркултурно во однос на заедничките вредности на нашето мултиетничко општество. Бидејќи самиот предлог поради едноставното промовирање на една заедница се создава пречка, отпорност, институционална отпорност на сето она, но и на граѓаните во однос на вредностите на другата заедница, се разбира отпорноста или отпорот преминува и на меѓуетничка област. Затоа е и мојата констатација врз основа на фактите дека во рамките на еден концепт да се консолидира и димензијата, интеркултурната димензија на доближувањето, заштитата и сензибилитетот на диверзитетните вредности на нашата земја.

Ви благодарам многу.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега 17 часот помина. Јас би ви предложил почитувани пратеници следново: со оглед дека имаме уште троица дискутанти за оваа точка, а останатите точки се 20-тина одлуки, нема да одземе повеќе од 15 минути, да ја довршиме седницата денеска, ќе се задржиме по мое видување не повеќе уште 60 минути, евентуално 18,15, 18 и 20, за да не се доведеме утре да доаѓаме за еден час само од сите краишта на Македонија кое ќе не чини поевтино и нашето време ќе биде подрагоцено искористено.

Јас согласно Деловникот ќе морам овој предлог да го ставам на гласање.

Дали ќе се согласиме да работиме така.

ЌЕНАН ХАСИПИ:

И јас ќе се пријавев за дискусија, мѓутоа, бидејќи сме преморени еве веќе е 17 часот, јас предлагам сепак да се продолжи утре. Еве има уште тројца дискутанти може би

и јас ќе се вклучам, ќе ни треба многу повеќе време, може и некој друг да се вклучи и 20 тина точки не ќе можеме да ги изгласаме за 15-тина минути.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот го ставам на гласање.

Со оглед дека сепак ценам дека утрешното доаѓање за половина час или за 60-тина минути ќе биде сосема непродуктивно однесување на Собранието и сега бидејќи е 17,00 часот уште еден час мислам дека можеме да поработиме.

Ве молам да гласаме за предлогот.

Доколку предлогот не се усвои ќе ја прекинеме седницата.

49 пратеници се изјасниле за. Тоа значи дека ќе продолжиме со работа уште малку, за да ја завршиме седницата.

Има збор Роза Докузовска.

РОЗА ДОКУЗОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ценети претставници на Влада

Токму Уставниот основ за донесување на законот за културно наследство како стручњак кој се занимава со сегмент од културното наследство, ќе укажам само на дел за присутните појави од обласа на заштитата што ја наметнуваат потребата од донесување токму на ваков закон од оваа област.

Имено, ако се има предвид дека нашата земја Република Македонија е сместена во централниот дел на Балканот била средиште на голем број историски збиднувања, почнувајќи од праисторијата до денес, чиј резултат е извонредно и богато непроценливо за многу поголеми земји од нашата недостижно културно наследство, неминовно се наметнува потребата од донесување на закон со кој ќе биде обврзана правната рамка за отпочнување на процесот на реформите во системот на неговата заштита.

Врз основа на постојната состојба сметам дека час побрзо треба да се изготви и да се донесе закон кој ќе даде правни можности, оваа проблематика да се постави на нови основи усогласени како со новиот општествен и правен систем така и со потребата за заштита на археолошките локалитети, тврдините, црквите, манастирите, објектите од исламската архитектура, како и фреските, иконите, музејските експонати, старите ракописи, архивските материјали и друго.

Потребата на овој закон е дотолку поголема што по новите закони кои се однесуваат на заштитата чувањето и користењето на различито видови добра, особено од историско значење донесени последниве десетина години, меѓу кои се наоѓа и законот за заштита на културното богатство, потоа, законот за картотечните фондови остануваат нерешени многу суштински прашања од оваа проблематика.

Ќе наведам само некој од нив. Всушност, во РМ, се до денеска не се водат специјални национални инвентари картотеки и листи, кои произлегуваат како обврска од досега ратификуваните меѓународни договори.

Што се однесува до делокругот на работата на Заводот на заштита на спомениците на културата, евиденцијата на недвижното културно наследство, не се врши според единствената однапред утврдена методологија.

Не многу различна е ситуацијата што се однесува во филмската индустрија. Таквиот вид уметност и идентификација на кинотечниот материјал, не постои обврксa за задолжителна евиденција.

Покрај ова, не е утврдена и обврската за задолжителна евиденција на дисперзираното културно наследство по потекло од нашата земја, што е многу значајно за да се олесни процесот на неговата реституција.

За движното културно наследство во сопственост на граѓаните, верските заедници и другите правни лица и покрај настојувњата од надлежните организации, речиси досега не се водени никакви евиденции. Сеуште не постои национална конфискација на културното наследство, со што би се олеснила конфискацијата на предметот на заштитата. Ако кон сето ова се додадат со години напластените недоречености при архиолошките истражувања, односно по завршување на истите во смисла колкуу се води сметка за козервација на откриените објекти, оставањето на локалитетите во состојба на техничка необезбеденост, уште повеќе станува јасна и неодминлива потребата за овој закон.

Од друга страна најалармантна е појавата што ни се случува десетина години манифестирана преку недозволени илегални ископувања, со цел да се присвојат предмети од археолошко значење, како и случаи на недозволена трговија и криумчарење на движните културни добра.

Сметам дека поради сето ова досега изречено и многу други сегменти сосема разбирливо и оправдано е толкувањето со новиот закон и подзаконските акти ки ќе произлезат од него со создадена правна рамка со која во целост ќе се надмине досегашната неповолна состојба во грижата за зачувување на културното наследство, толку значајно за минатото, сегашноста и иднината на нашата земја. Зашто ниту една земја која нема своја иднина не може да го почитува своето минато.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Кирил Дојчиновски.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, што не има изгледа многу малку, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Чувствувам потреба дека е неопходно да се вклучам во оваа фаза од расправата, незатоа што нема да имаме шанси да разговараме и понатаму при втората и третата фаза, но сметам дека некои работи треба одсега да се има предвид пред довршувањето на законот за културното наследство.

Имено, да кажам дека Собранието овој закон со задоцнување почнува да го донесува. Ова го тврдам од причини што ми е доста позната состојбата во која што се наоѓа културното наследство во РМ. Ако културата, односно културното наследство како нејзин продукт на еден народ значи негова афирмација, идентификација, негова историја, негово живеење, негови контакти со другите средини и народи и влијанија меѓу средини и испреплетувања, тогаш сметам дека таа не припаѓа само на еден народ, таа зависно од своите вредности е прифатлива за секој друг народ.

Од тие причини, можеби неслучајно е и ангажирањето на меѓународната заедница да направи некои рамки, нејзините институции, нормално, преку разни конвенции и договарања, кои што потоа со ратификацијата на нашите парламенти во другите земји и кај нас, стануваат една оквирна рамка, која што треба да се најде во националните закони за заштита на културното наследство.

Отука мислам дека грижата за тие меѓународни договарања и принципи што ние овде претходно сме ги ратификувале треба да ни бидат првата и појдовната основа за изготвувањето на овој закон. Ако констатираме дека скоро 30 години ние работиме по еден основен закон кој што е спомнат во материјалот Законот за заштита на спомениците на културата и тој 30 години не е иновиран, ниту ги следи новите текови ниту наши, ниту меѓународни, можеме веднаш да сватиме во каква состојба ни е заштитата на културното наследство. Постојат и маса други 15, 16 закони што го регулираат посебно секој дел од културното наследство, но ако основниот закон тоа не го содржи не можат да бидат исто така значајни во заштитата. Македонија јас ја гледам како музеј под ведро небо на недвижно културно наследство, Македонија ја гледам како трезор на извонредни богатства од различни типови на експонати од културното наследство, Македонија на крајот на криштата е извонредна ризница на значајна духовно културно наследсство кое што можеби во досегашниот период најмногу е експлоатирано , да не речам и злоупотребувано. Каква е ситуацијата сега со него? Зависно од она што пред малку го спомнавме, оваа ситуација не можеме да сметаме дека е добро. Ние имаме состојба во

која што ќе сретнеме извонредни експонирани поставки на музејски работи нормално до состојба на пиратство, на диви копачи на она што нив им треба, наши и странски, злоупотребувајки ги деловите на археолошките наоѓалишта. И тука никој ништо не можеше да направи. Ние исто така, ќе се сретнеме и со одредени оштетени злоупотребени, узурпирани, скрвнавени, верски објекти не заввисно од која вера. И тука можеби не ни е рамно ниту варварството. Никаде во светот, или барем никаде не сум сретнал дека сопствениот народ си го уништува своето културно наследство како што тоа се случува кај нас, особено во последно време. Ми се чини дека тоа е нешто за кое што станува збор за културата на граѓанинот. Никој друг не дојде овде да ни ги сруши нашите верски објекти. Исто така, сметам дека голем е бројот на експонати од културното наследство икони, документи, ракописи и друго без почитување на законска процедура да се најдат надвор од Република Македонија. Знаете во изминатиот период какви се' имавме состојби на кражби и носења по разни канали. Мислам дека целата таа ситуација треба да не загрижи. Што очекуваме од овој закон?

Прво, сметам дека добро беше кажано во воведното излагање, очекуваме тао да биде оквир на минимум законска рамка за заштита на културното наследство при што треба да утврди единствени концепциски принципи во поставеност и организацијата на овој дел на заштитата. Исто така, треба да утврди можности врз јасни принципи да се врши категоризацијата на културното наследство не затоа што ние во некои делови од културното наследство го немаме тоа , туку тоа го немаме во целина. И тоа не ни дава шанса да знаеме што е приоритетот во заштитата. Ако утврдиме што е тоа прва категорија, или по заначајните документи, ние ќе знаеме каков пристап во заштитата да му дадеме на тој дел на сметка на она што значи останатото што е можеби помалку значајно. Таа работа ми се чини дека во овој момент недостасува. И од друга страна да воспостави и единствени термини што досега исто така беа пречка во заштитата. Мислам дека е битно и тоа што очекуваме да воспостави усогласување на предметната регулатива на културното наследство со меѓународните стандарди и ратификуваните како што реков пред малку, договори вклучувајки ги во нашите определби.

Овде покрај наброените меѓународни конвенции, јас би сугерирал, бидејки не ги најдов во текстот, да се почитува во изготвувањето на овој закон и директивите на Европската Унија, особено за реституцијата на културното наследство. Ако Македонија е земја со своја историја долговечна, а со многу пократко време своја државност, ние низ таа историја сме граделе извонредно културно наследство кое што е од различен тип. Тоа било предмет на разнесување, уништување, денеска тоа ги краси огромен број на светски музеи. Ние сметаме дкеа по тоа прашање не сме постигнале баш најмногу. Ние

немаме државна концепција како ќе пријдеме кон реституција. Дури ако сакате и најново време прашањето на сукцесијата по распадот на Југославија, ние имавме извонредно лабави норми околу тоа што ние бараме. Дури бев случајно вклучен во одредена екипа во еден период, дури не сакаше да се почитува ниту функционалната провиниенција на одредени наши документи, или други делови од културното наследство. Тоа прашање кај нас не постои таканаречено на ниво на држава како потреба која што треба да ја ставиме на некој начин и да тераме по едни критериуми, по програма која што е неопходна. Тука исто така покрај овие директиви сакам да ги спомнам и резолуциите донесени на Триесеттото заседание во Солун за законско санкционирање на пљачката и кражбата на одредено културно наследство. Ние имаме други цитирани меѓународни акти. Меѓутоа, овие се најнови, усвоени се во 1994 година. Тие не нашле место во нашата законодавна апаратура досега.

Сметам дека донесувањето на овој закон кој што по мене е доста квалитетно подготвен и кој што нормално би било и тоа ќе бидат всушност и моите предлози, во јавната расправа да ги вклучиме сите релевантни средишта кои што ја допираат заштитата н акултурното наследство, да ги чуеме нивните мислења. Ние во изминатиот период изградивме извонреден број на институции, изградивме кадар, изградивме и инструменти. Меѓутоа, добро би било да видиме каде тие во овој момент беа наша слабост и таа да ја вградиме во овие законски и од нив понатаму подзаконски и други акти што треба да се усвојат. Сметам дека практично овие три фази на донесувањето на овој закон да ги направиме рационални, да не ги влечеме со долги месеци за да можеме да им дадеме шанса на оние 16 нови закони што посебно го регулираат културното наследство исто така да бидат донесени навреме. Ако ова го оставиме вака со едно подолгорочно развлекување ние ќе треба уште две години да чекаме на регулатива. Се залагам за ефикасен пристап во донесувањето на овој закон.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Јордан Михајловски.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи пратеници, почитувани претставници на Владата, ќе бидам сосема краток во моето излагање, бидејќи дискусијата отиде во недоглед, веќе почнавме да водиме и материјална расправа по законот што сметам дека не е добро. Тоа треба да го оставиме во сите овие три фази да се врши така.

Цивилизациска обврска на секое општество е да го штити својот културен и творечки простор. За жал ирационално во последниве две години, ние не сакавме , или не знаевме да го штитиме својот творечки културен простор кој е инаку мултикултурен,

мултиетнички и мулти конфесионален. Така, во последниве две години се газеше по она најсветото, по сакралното од сите религии, се газеШе по црквите и по џамиите, едноставно се газеше по аманетот на нашите претци, се газеше по нашата културна традиција. Сметам дека токму овој закон што треба да го донесеме и оваа реформа која ја отвараме на планот на заштитата не ни беше потреба да го штитиме ова што требаше да го заштитиме во овие две години. Тоа како предизвик.

Се согласувам со воведните излагачи дека од 5 причини потребно е да се донесе овој закон, јас нема да ги лабурирам. Ќе кажам дека стариот Закон донесен во 1973 година не е хармонизиран со Уставот затоа што со Уставот на Република Македонија покрај материјалните вредности се дефинираат и нематеријалните вредности и духовното богатство. Стариот Закон воопшто немаше дефиниција и пристап за духовните вредности. Тоа е добро што во сферата на духот се појавува нашата традиција, преданијата , танците, игрите и сето она што влегува во духовната сфера. Тоа е добро. Потоа, можам да кажам дека законот , стариот Закон не беше хармонизиран и со Законот за култура, бидејки во Законот за култура што го донесовме во 1998 година во член 90 се дефинира управно правната дејност која треба да помине под Министерството за култура.

Што се однесува токму до оваа поента во законот мислам дека законот наоѓа право решение да го разграничи управувањето и да ја разграничи стручноста. Така што мислам дека расправата треба да покаже во кој облик управувањето во сферата на заштитата ќе го оствариме, дали тоа ќе биде ресор во Министерството за култура, дали тоа ќе биде посебна стручна устаова. Меѓутоа, по битно за мене во овој момент е тоа што институциите од сферата на заштитата стануваат стручни институции со тоа што планирањето во овие институции што го вршат за прв пат се сместува во самиот врв на методолошкиот систем на заштитата. Тоа е квалитетно ново што го донесува законот.

И да не должам многу, сакам да кажам нешто, не како насока, како сегменти кои треба да ги имаме во предвид во текот на расправата. Потребна е рационализација на обемниот текст на законот. Законот навистина е преобемен, потребно е да се скрати текстот на законот. Еднакво треба да се третираат категориите движно и недвижно наследство за кое морам да кажам дека имаше забелешка во рамките на Комисиајта дека на некој начин се фаворизира недвижното наследство. Попрецизна дефиниција е потребно исто така на категоријата културно наследство од особено значење во Република Македонија. Тука мислам пред се' на појавите и движењата , на историските, оние кои имаат универзална човекова вредност. И после тоа мислам дека ќе седнеме и

ќе размислиме дека одредени движења, дури и префикси на некои партии посегаат по нешто што е вредно и што треба на друг начин да се штити.

Ќе цитирам една поента од Законот што исто така заслужува внимание што за прв пат во оваа сфера се воведува принципот на децентрализација и рационализација во сферата на заштитата со тоа што предлагачот на законот во вршењето на одредени јавни овластувања во заштитата планира дел од тие надлежности да можат да се бават и здруженија на граѓани. Свесни сме дека универзален модел за решавање на прашањето во културата нема, меѓуто амислам сериозно дека овој закон што ни е предложен денеска од предлагачите е навистина квалитетен. Јавната расправа ќе покаже во кој обем законот ќе се дотерува. меѓутоа, искрено мислам дека имаме една оптимална рамка за плодна дискусија и на крајот мислам дека ќе добиеме квалитетен закон што на крајот конечно ќе ставиме точка на еден ретрограден закон со кој имавме проблеми 30 години, а особено за тоа имаа проблем заводите за заштита на спомениците на културата бидејки со некои законски решенија, или укинати закони на нив им беше спречено полето на активност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Кенан Хасипи.

КЕНАН ХАСИПИ:

Почитуван господине претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници, јас нема да должам многу со оглед на тоа дека при крај е и трпението на колегите. Сакам да напоменам дека уште во стартот ми причинува посебна чест и задоволство што вечерва ја усвојуваме првата фаза од усвојување на законот за заштита на културното наследство. Сметам дека големината на една држава се проценува токму по тоа колку е способна не само преку законското нормирање, туку и преку лично однесување на граѓаните да го заштити културното наследство. Впрочем, културното наследство е доказ за постоењето и зачувувањето на идентитетот на етничките заедници кои што живеат на овие простори. Јас сепак, не би го делел мислењето на други колеги, дека овој нехуман однос спрема нашето културно наследство се должи на непостоењето на правна легислатива во смисла на заштита на нашето културно наследство. Само да напоменам дека триесетина години наназад се водевме со Законот за заштита на културно историските споменици донесен 1973 година. Паралелно со тој закон имаше уште дваесетина закони донесени во овој меѓупериод кои што се однесуваа во одредени свои сегменти за заштита на културното наследство на овие простори. Освен тоа во овој контекст сме обврзани и со бројни меѓународни одредби, договори и т.н. како што се оние од Советот на Европа од Хелсиншкиот договор и т.н. Покрај тоа бев сведок на донесувањето на Законот за култура во истово Собрание кој што во одредени делови

зборува за заштита на културното наследство и т.н. Земајки го сето тоа во предвид се донесува неминовен заклучок дека основниот елемент за негрижата кон нашето културно наследство се сведува на нас самите кои што сме должни да го заштитиме културното наследство независно од кој период доаѓа и за која етничка заедница се однесува. Само сакам да напоменам дека Република Македонија иако е по простор и по број на население мала земја, сепак во таа мултиетничка, мултиконфесионална структура на земјата располагаме со бројно културно наследство. Можам само да напоменам дека имаме илјадници споменици на културата, културни предели, архиолошки предмети, историски предмети, имаме богата архивска граѓа, библиотечен материјал, цркви, манастири, илјадници фрески, икони, објекти од исламската архитектура, чаршии, илјадници музејски експонати, архиолошки предмети и т.н. Оставањето на ваквите добра на забот на времето, или на нечовечките раце на криминалците и на луѓе кои што сакаат да стекнат богатство врз основа на овие вредни предмети е елементарен доказ на нехуманост и несоодветен однос спрема нашето културно наследство. Имено, правејќи една мала ретроспективна анализа наназад сведоци сме на огромен број на оштетувања, уништувања, исчезнување на предмети од страна на поединци, или организирани групи заради стекнување на имотна корист. Имаме бројни кражби, недозволена трговија со овие предмети, имаме недозволено ископување на архиолошки локалитети за добивање на материјална корист од тоа , имаме претварање на бројни објекти во угостителски објекти се' со изговор дека тие ќе го одржат животот на ова наше културно наследство, имаме палење уривање на цркви, манастири, џамии и т.н. Во минатата војна буквално се атакираше на верските објекти од сите конфесии и т.н.

Оттука јас од оваа говорница го изразувам мојот револт кон нашиот однос кон нашето културно наследство, независно од кој период потекнува или кон која конфесија или за која етничка заедница се однесува. Имаме бројни примери кога, без оглед на тоа што политичките партии, верата сепак е одвоена од државата, реагиравме на одредени ситуации кога се атакираше на одредени верски објекти. За жал, адресите кон кои ги упатувавме нашите жалби и приговори или не добивавме соодветни одговори или ништо не се преземаше во таа насока.

Морам само да напомнам дека во оваа земја има бројни органи кои што се должни, согласно законот да го заштитуваат нашето културно наследство. Најнадлежен орган во таа сфера е Министерството за култура. Во рамките на тоа министерство постои Управа за заштита, Управа за унапредување на културата на етничките заедници и јас би предложил, по можност да се иницира воведување на управа за заштита на културното наследство што ќе биде специфична работа, да го заштити нашето културно наследство.

Имаме Државен архив за заштита на архивската граѓа, имаме бројни заводи за заштита на културни споменици. Во една можност, во Републичкиот завод за заштита на културни споменици во врска со еден приговор за оштетување на еден објект добив одговор дека до 1999 година Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата бил надлежен и имал законски ингеренции за заштита на тие објекти. Од 1999 година, со измените во Законот, тие имаат само право да го изнесуваат своето мислење, меѓутоа понатаму немаат ингеренции за заштита на нашето културно наследство. Сето тоа оди во рамките на Министерството за урбанизам кое што, јас не велам тенденциозно, меѓутоа при издавање дозволи за инвестициони работи, обично многу често доаѓа до оштетување на објекти на културата. Еден таков објект беше и Камениот мост, кога се кажа дека од небрижност паднала стражарницата на тој објект. За тоа ние поставивме сомнеж и за таа работа потрчавме, но од сето тоа ништо не испадна.

Меѓутоа, генерално гледано, основна должност на овие институции што се задолжени за заштита на нашето културно наследство е да се зголеми грижата и да се засили одговорноста во заштита на нашето културно наследство, освен тоа да се користат научните и стручни гледишта за заштита на културното наследство, до толку повеќе што при оштетување на вакви објекти добиваме одговор дека надлежната институција или поединец кој тоа го сторил ќе го врати тоа во првобитна состојба. Јас дури и пројавувам сомнеж како е можно стотици години стари објекти, со наивно рушење и без употреба на соодветна техника, научни и стручни гледишта да се врати во првобитна состојба?! Тоа е уште еден доказ за негрижата кон нашето културно наследство, без оглед за кое се работи дали за недвижното, за движното или за нашето духовно културно наследство.

Оттука, го повикувам и овој законодавен дом, во сите моменти кога ќе се атакира на културното наследство, независно од кој период потекнува и за кого се однесува, сите заедно да го дигнеме гласот против таквите појави и да се ангажираме во насока на заштита на нашето културно наследство.

Благодарам за вниманието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам и јас.

Бидејќи никој друг повеќе не бара збор го заклучувам претресот по Предлогот за донесување на законот.

Ги молам пратениците да влезат да можеме да преминеме кон процесот на гласање, а службите молам да утврдат број на присутни пратеници во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците во салата).

(Пратеници влегуваат во салата).

Констатирам дека повеќето пратеници се присутни и можеме да продолжиме со работа.

На Собранието му предлагам да го донесе следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на Закон за културното наследство.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави нацрт на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и забелешките содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите од работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се доставаат до Владата на Република Македонија и Министерството за култура.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Процедурално господинот бара збор.

**________________________:**

Почитуван претседателе, мислам дека за предлогот на законот што го изгласавме треба да се употреби членот 64 алинеја 2 во однос на Деловникот на Собранието, бидејќи станува збор за еден закон што непосредно ја засега културата на сите граѓани во Република Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам на укажувањето.

Ние денеска законот не го донесовме. Го донесовме Предлогот за донесување на закон. Ќе одиме на нацрт закон. Законот ќе се донесе дури некаде летото, ако сé оди како што треба и тогаш ќе гласаме согласно Уставот за законот. Сега гласаме за фази на законот.

Се надевам дека ја усвојувате оваа забелешка.

Точките 20 и 21 ги скокаме бидејќи нема претставник на Републичкиот судски совет.

**Минуваме на точката 22 - Предлог за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија.**

Предлогот за разрешување од функција заменик на јавниот обвинител на Република Македонија Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, дали некој бара збор. (Никој).

Со оглед дека никој не бара збор, го заклужувам претресот.

Предлогот за разрешување на Михајло Маневски од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, сите гласале за.

Констатирам дека Михајло Маневски е разрешен од функцијата заменик на јавниот обвинител на Република Македонија по негово барање, а и поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Минуваме на точката 23 - Предлог за именување директор и заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници.**

Предлогот Ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот.

Молам кој бара збор. (Никој).

Прво водиме претрес по предлогот за госпоѓа Татана Трендафиловска Поповска за директор на Агенцијата.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

(На мониторот се гледа дека гласале 58 пратеници).

Ве молам да утврдиме точен број на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Имаме 64 пратеници, со оглед дека гласале 58 и се гледа дека сите не гласале.

Сите 58 пратеници гласале за.

Констатирам дека Татјана Трендафилова Поповска е именувана за директор на Агенцијата за државни службеници.

Отворам претрес по Предлогот Керим Зимери да биде именуван за заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници.

Молам, кој бара збор. (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам да гласаме.

Гласале 58, присутни се 64 и сите гласале за.

Констатирам дека господин Керим Зимери е именуван за заменик на директорот на Агенцијата за државни службеници.

**Минуваме на точка 24 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховен суд на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеника и сите гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Врховен суд на Република Македонија.

**Минуваме на точка 25 - Предлог на одлука за огласување избор на судија на Основниот суд во Радовиш.**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 58 за и еден гласал против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за огласување избор на судија на Основниот суд во Радовиш.

**Минуваме на точка 26 - Предлог на одлука за разрешување и избор и именувања на членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска Радиот Телевизија**

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван господин претседателе,

Почитувани колеги пратеници,

Се јавив во врска со оваа точка од дневниот ред заради именувањето. Немам ништо против разрешување на Управниот одбор на старите членови и немам ништо против личностите кои што се предлагаат за членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска Радио Телевизија туку принципиелно сакам да потенцирам дека продолжувањето на иста практика, несогледувајќи ја новата практика што е реално создадена во Република Македонија.

Сите знаеме дека Радио Телевизија на Република Македонија во своите редови има вработени не само од Македонската заедница туку и од другите етнички заедници, како што се албанците и други. Во овој случај со предлогот што е направен од Радио Телевизија на Република Македонија во предлогот за именување на членови на Управниот одбор од редовите на вработените во куќата се прави една дискриминација или пак се ставаат во една незавидна ситуација вработените албанци во оваа институција.

Ние знаеме дека во оваа институција која има посебно значење за сите граѓани на Република Македонија  и за демократизацијата на земјата освен македонци работат и албанци и членови на други етнички заедници. Затоа во овој правец не е добро овој предлго да помине вака, во Управниот одбор на Македонската Радио Телевизија од редовите на вработените што се предложени за членови на Управниот одбор, сите 4 пратеници да бидат од редовите на македонците. Затоа би требало да имаме една рамноправна позиција, бидејќи Македонската Радио Телевизија има програма на албански јазик, имаме трет канал на телевизија, имаме радио на албански јазик и овој Управен одбор би требало да ги претставува и овие средини, и овие програми со свои кандидати кои ќе го претставуваат интересот на другите етнички заедници што не се во мнозинство во Република Македонија.

Затоа предлагам оваа точка од дневниот ред да се разгледува на една од наредните седници на Парламентот за да се постигне она што декларативно мислам дека тоа треба да го имаме и во практика, да ја достигнеме таа рамноправност која што сите ја посакуваме, но сето тоа и во дело треба да го концепираме.

Ова би било една добра можност за адекватно претставување во Управниот одбор на Македонската Радио Телевизија и на припадниците на другите етнички заедници.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Мустафа Неждет бара збор.

**НЕЖДЕТ МУСТАФА:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Сега во една мала консултација со господинот Рафет Муминовиќ и моите колеги од турската демократска партија имаме заедничка согласност дека навистина предлогот на господинот Вејсели зафаќа место, што значи дека има и целосна поддршка од наша страна. При составот на новиот Управен одбор треба да се внимава и на другите редакции кои што работат во составот на Македонската Радио Телевизија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор.

Има збор господинот Агрон Буџаку:

**АГРОН БУЏАКУ:**

Почитувани колеги,

Од името на парламентарната група на Демократската унија за интеграција го поддржуваме предлогот на господинот Вејсели.

И нашиот став е дека треба да има една порамноправна застапеност односно да се вклучат претставници албанци и на другите етнички заедници што се во таа куќа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Буџаку, предлагате ли да се повлече предлогот, или предлагате Собранието да гласа.

**АГРОН БУЏАКУ:**

Ние предлагаме оваа точка од дневниот ред на денешната седница да се симне. Да се стави на една од наредните седници на Парламентот.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Го молам предлагачот да се изјасни по предлогот.

**ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:**

Предлозите за внатрешните членови се дојдени по постапката која е изведена во МТВ.

Навистина, не размислував дека ние како Парламент можеме да им сугерираме, на некој начин да ги насочуваме за внатрешните членови, бидејќи сметавме дека таков притисок не треба да се врши. Во иднина можеме да сугерираме, но јас не би ја повлекол точката од дневниот ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на тоа што точката не е повлечена, има предлог од тројца пратеници, точката да се симне од дневен ред, предлогот за симнување на оваа точка од дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Господине Вејсели, незнам зошто барате збор. Нема реплики на гласање.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Не добив одговор на нашето барање.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Вејсели, имате барате да се симне точката од дневен ред и го ставив вашето барање на гласање.

Вашето барање е на гласање. Добро, прекинете го гласањето, господинот Вејсели сака што да каже? Реплика на господинот Јордановски.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Нешто што е вистинито, реалноста. Пред да го ставите на гласање сакам да кажам нешто.

Господине претседател, јас предлогот што го дадов и кој го поддржаа и ДУИ и другите пратеници присутни во оваа сала, кои што не се членови на етничката заедница, мнозинство во РМ мислам дека треба да се дообјасни. Во однос на реплика на претходниот пратеник сакам да кажам дека вистина е дека овие четири членови од редовите од вработените ги предлага МРТВ, но ние сакаме да ставиме на знаење дека новата реалност треба да се почитува ид од МРТВ. Затоа, во оваа насока јас реков и ова стана јавно и јас го имам добиено како на знаење од страна на вработените во МРТВ, без оглед дали во телевизија, дали во радио, тие се надгласуваат, бидејќи ги надгласуваат

вработените од мнозинството. Значи, треба во оваа ситуација да се има адекватно претставување и во самата МРТВ. Јас не направив забелешка во однос на членовите на Комисијата за именување, бидејќи е зачуван принципот. Има предлози, пет од македонците и два од страна на албанците. Но, овој проблем кој што сеуште продолжува и кој што е проблем со години наназад, од самото осамостојување на РМ, еднаш засекогаш треба да доставиме на знаење дека не смеат да се надгласуваат вработените во МРТВ, туку треба да има едно адекватно претставување кое е гарантирано во РМ, а го гарантира и Охридскиот договор. Ние сите заедно треба да работиме во овој дух, бидејќи вие можете да надгласате и вие можете да решите онака како што сакате да решите. Но, во овој случај ние треба да дојдеме до заеднички јазик и овој предлог од страна на предлагачот да се симне и уште еднаш да се разгледа добро, да му се врати на МРТВ, да се разгледа уште еднаш и да дојде повторно на парламентарна процедура.

Ви благодарам многу уште еднаш.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Љупчо Јордановски има реплика на господинот Вејсели.

**ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:**

Само да кажам дека јас навистина разбирам дека треба да се однесуваме спрема новиот дух и на Рамковниот договор и Уставот. Законска основа неможе, Законот на МРТВ не постои за да можеме и паритетно од надворешните членови да се бираат. Можеме да направиме сугестија евентуално во иднина за некои други управни одбори да се внимава како паритет. Но, сега не постои со Законот таква можност.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам.

Сега, господине Рамадани ќе гласаме по предлогот на вашиот колега од ПДП или ќе ви дадам вас збор?

Вашиот колега бара да гласаме, а вие ми велите да ви дадам збор. За дискусија ќе продолжиме ако точката остане на дневен ред, бидејќи тројца пратеници бараат од мене точката да ја вратиме назад. Јас прво тоа треба да го ставам на гласање. Вие не предложивте, друг предложи и тој што предложи си даде аргументи.

Предлогот го ставам на гласање и сега внимавајте што гласаме.

Да се симне точката од дневен ред. Никакви други интервенции во однос на сугестии на Собранието што да прават други органи, нема да ставам на гласање, затоа

што тоа не е по Деловникот. Меѓутоа, можеме да ја симнеме или не точката од дневен ред. Кога ќе имаме гласање по ова, ќе ви дадам и вас право и вие предлог да дадете. Јас мора да го ставам на гласање. Ако нема што да се расправа, мнозинството пратеници мислат дека нема расправа и нема ниту вие да расправате. Тоа е многу јасно.

Го ставам на изјаснување предлогот точката да се симне од дневен ред на предлог на тројца пратеници.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласале 18 пратеници, што значи дека предлогот не е усвоен.

Господине Рамадани имате збор.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Освен подршката на дискутантите што имаат заберлешка во однос на претставувањето, особено кога станува збор за внатре во куќата на МРТВ, јас би сугерирал, навистина со добра намера, се обраќам и до парламентарната група на ДУИ дека би било добро да се контестираат на, без лоша цел на личностите кои се предложени да бидат членови на овој управен одбор. Тоа јас како пратеник го кажувам со најголема одговорност и се надевам дека нема лошо да ме разберат и оние кои се предложени, бидејќи оваа работа како да е направена ад хох и без согласност со самиот предлог како текст, лицата кои треба да бидат членови на овој управен одбор треба да бидат луѓе многу поблиску до професијата. Ние имаме многу лица од публицистиката, од културата, од други области кои ќе дадат многу поголем придонес како членови на овој управен одбор.

Јас имам голема почит кон двајцата припадници од албанците, но мене ми изгледа дека во овој управен одбор требаше да се предложат личности кои се поблиску до проблематиката која ќе се третира и понатаму во управниот одбор на МРТВ. Затоа би било добро да се предложат во иднина кои сепак во публицистиката и во она шрто е многу значајно во овој случај, за претставување на албанците во управен одбор, да се најдат лица што сигурно ги имаме многу во Македонија и сигурно ќе ја реализираат работата така како што треба најдобро во овој управен одбор.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Има збор господинот Рафет Муминовиќ.

**РАФЕТ МУМИНОВИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Не би сакал ниту во еден момент било кој од присутните да ме разбере погрешно, но би замолил ако може, барем по овој ред што овде седиме, со било што било да бидеме обесправени, бидејќи навистина сме рлидери на одредени партии од нашите популации. Така дискутирајќи, се наоѓаме во една сосема подредена позиција. Најверојатно и ние како популација, како народ заслужуваме поголем респект од сите присутни овде.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Збор има господинот Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Јас сакам со неколку реченици да се вклучам во оваа расправа. Имено, сакам да предложам до Комисијата за избори и именувања, со оглед на тоа што конституирањето на управните одбори ќе биде перманентна работа на ова Собрание, при изготвувањето на персоналниот состав на управните одбори, посебно на јавните претпријатија, да не речам на МРТ што е јавно претпријатие чиј основач е Собранието на РМ, да се има поизбалансиран пристап во составот на управните структури на овие јавни претпријатија, од причина што, можам од овде да констатирам дека во целиот овој материјал што го имаме, на 20-тина јавни претпријатија, јас буквално не гледам ниту едно име од припадниците на помалите етнички заедници.

Сакам да свртам внимание на следното. Имено, да воведе пракса овој Парламент за секој управен одбор индивидуално да не се обраќаме до Комисијата за избори и именувања, туку да се направи еден балансиран пристап, со оглед на тоа што веќе мораме да се уходуваме во правец на тоа да се имплементира уставниот амандман - правична и соодветна застапеност во сите институции на системот, да не оди тоа под нечие барање и под ничиј диктат. Сепак, ние овде што сме изгласани имаме одговорност спрема популацијата која гласала за нас. Ако ние денес не можеме да обезбедиме наши претставници во МРТВ, управниот одбор, јас би рекол истата проблематика ќе се јави и во Советот за радиодифузија, дотолку повеќе што имаме проблеми не само во емитувањето на програмата, туку и не фаќање на сигнал на еден голем дел на територијата на РМ. Тогаш ние имаме сериозна одговорност пред гласачите кои за нас гласале. Не е ова израз на нечија волја, туку едноставнмо потреба на еден дел од електоратот кој ни изгласал доверба. Впрочем, во крајна линија ние сме и коалициони

партнери и редно е и при ваквите расправи да го имаме оној удел што природно ни припаѓа.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас денеска по неколку пати го повторувам истото.

Доколку пратениците имаат забелешки на документите, единствениот начин е да ги прочитаат пред да седнат во пратеничката клупа овде кога се отвора седницата и да достават амандмани. Инаку ние сега можеме цел ден да дискутираме, што требало, господине Хасипи, меѓутоа требало да доставите амандман за промена. Ако сега го отворите материјалот, ако реакција на некоја друга дискусија, веќе не може ни Комисијата да помогне.

Има збор господинот Иван Стоилковиќ.

**ИВАН СТОИЛКОВИЌ:**

Предизвикан, најверојатно од овие претходни расправи, меѓутоа предизвикан и од пристапот на работите, јас и денес разговарав со претседателот на Комисијата, да кажам ако немаме забелешки на одредени проблеми не значи дека се согласуваме со с# она што тука ќе дојде на дневен ред. Значи се трудиме да имаме еден конструктивен пристап во разрешување на проблемите, една молба е, моја пред с#, верувам и на повеќе на мои колеги, за еден поконструктивен пристап во разрешување на проблемите, од проста причина што не може да се дојде во било кое дело на Собранието и да се каже ние се договоривме, толку места за албанците, толку места за нас, а вие другите, едноставно ве нема. Значи, ако 15-тина посто од населението во Македонија се припадници на националносните заедници, најверојатно и потребно е телата на Собранието на РМ барем да водат елементарна грижа за тие работи. Ова го кажувам од проста причина што се двојам меѓу две многу важни работи. Прво, како заменик претседател на Комисијата за транспорт и врски, учествував во работата на некои органи на МТВ и го носам впечатокто од таму дека таму е неопходно, односно Собранието на РМ треба итно да го изгласа управниот одбор на МРТВ од многу проста причина што состојбите во МРТВ се драстично пореметени од сите аспекти на нејзиното работење, така што гласањето за новиот управен одбор можеби мораше да се случи и малку порано од денешниот ден. Меѓутоа, ако е тоа така, не треба сега пак да се навлезе во друга шема, дајте сега да помине с# што треба да помине, без да се води сметка за сите овие работи што претходно кажав.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 62 пратеници во салата, 59 гласале од кои 47 за, а 12 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување, избор и именување членови на управниот одбор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на точката 27 - ***Предлог на одлука за разрешување и именување членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.***

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 64 пратеници, гласале 57 од кои за гласале 54, против гласале 3.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на точката 28 - ***Предлог на одлука за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.***

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници.

Само ако падне бројот на пратеници под 61, јас тогаш ќе ви соопштам.

Гласале 60 пратеници, 59 за, 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за разрешување и именување заменик на генералниот директор на Јавното претпријатие Македонска радио телевизија.

Минуваме на точката 29 - ***Предлог на одлука за разрешување и именување на членови на Советот за радиодифузија.***

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор бара господинот Неждет Мустафа.

**НЕЖДЕТ МУСТАФА:**

Јас сега повторно ќе го изразам моето големо незадоволство, а и момент е кога треба да го изразам незадоволството на популацијата која ја носам зад себе.

Изненаден сум од храброста на Комисијата, досега имавме претставник од ромската заедница, тоа е господинот Шабан Селиу. Сега тој веќе се разрешува, врз основа на член 23 и 26, но јас навистина замолувам, Комисијата да го повлече овој предлог, на преиспитување и оваа позиција да остане повторно за ромската заедница, врз основа на тоа што постојат 4 локални радио и телевизиски станици. Токму затоа и сметам дека би било грев и газење врз малцинството, доколку навистина не се корегира овој став.

Дали некој друг бара збор?

**ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:**

Јас во врска со тоа разговарав со господинот Неждет Мустафа, меѓутоа, информацијата за овој случај ја добив многу доцна. Со Законот за Советот за радиодифузија кој е доста прецизен, таму точно пишува кои се работи треба да се исполнат, не мислам дека во моментот е направена грешка. Но, ако веќе е направена грешка, поради системот на кој се бираат тие членови, на секои две години, веќе во мај месец се бираат нови тројца членови и јас мислам не само од заедницата на ромите, туку и од другите заедници, сега во мај месец да извршиме избор на нови членови во Советот за радиодифузија. Затоа, би го замолил господинот Неждет Мустафа да се стрпи до мај месец и тогаш оваа одлука, односно тоа мое ветување да го реализираме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 59 гласале за, 1 гласал против. Во салата има повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на членови на Советот за радиодифузија.

Минуваме на точката 30 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев “.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 63 пратеници, 58 гласале, 56 за, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”.

Минуваме на точката 31 - Предлог на одлука за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно-културните средби “Десет дена Крушевска Република”.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 56, за 54, 1 воздржан и 1 против, а во салата се присутни повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и избор на претседател и членови на Советот за научно-културните средби “Десет дена Крушевска Република”.

Минуваме на точката 32 - Предлог на одлука за изор на членои на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Клинички центар - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за 62, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствна организација Клинички центар Скопје.

Минуваме на точката 33 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, 54 за, 1 воздржан, 5 против.

Присутни се повеќе од 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Велес.

Минуваме на точката 34 - Предлог на одлука за изор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствна организација Завод за здравствена заштита - Тетово.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Присутни се 62 пратеници, гласале 60, за гласале 59, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Тетово.

Минуваме на точката 35 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести Демир Хисар.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 60 лратеници од присутни 62, за гласале 56 пратеници, а 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Болница за душевни болести - Демир Хисар.

Минуваме на точката 36 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино" - Неготино.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претртесот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 56 за, 2 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом "Неготино" - Неготино.

Минуваме на точката 37 - Предлог на одлука за изор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација "9-ти Ноември" - Велес.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници 59 гласале, 54 гласале за, 1 воздржани и 4 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација “9-ти Ноември” Велес.

Минуваме на точката 38 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 59 гласале за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом - Виница.

Минуваме на точката 39 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Куманово.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 62 пратеници гласале 59, за гласале 57, а 2 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Куманово.

Минуваме на точката 40 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници 58 гласале, 57 гласале за, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар - Дебар.

Минуваме на точката 41 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 60 за, 1 воздржан.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола.

Минуваме на точката 42 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом “Нада Михајлова” - Пробиштип.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 63 пртеници гласале 60, за гласале 57, воздржан 1 и 2 против.

Констатирам дек Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом “Нада Михајлова” - Пробиштип.

Минуваме на точката 43 - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар “Борка Талески” - Прилеп.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресо.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 58 за, 2 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Медицински центар "Борка Талески" - Прилеп.

Минуваме на точката 44 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 61 пратеник. 59 гласале за, 1 воздржан и 1 против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 45 - Предлог на одлука за именување на Републички советник на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, за гласале 11 пратеници, 4 воздржани и 47 против.

Констатирам дека Собранието не ја донесе Одлуката за именување републички советник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Во Ваше име и во мое име на сите припадници на католичката вероисповед им го честитам денешниот и утрешниот празник и им посакувам многу здравје и

успех, а на сите Вас Ви ја честитам наредната Нова година и на сите граѓани на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 18,35 часот).